2018

# ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА ЗА ПОЕДИНЕЧНИ ЕКОНОМСКИ ГРАНКИ НА ОПШТИНА ОХРИД И ДЕЛОВНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ




**Проф. д-р Јованка Билјан**

**Проф. д-р Александар Трајков**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ОХРИД**

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ........ 8

**ОПШТИНА ОХРИД – ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ** ........ 10

**ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД** ........ 13

Вкупно регистрирани деловни субјекти ........ 14

Активни деловни субјекти ........ 18

**НАСЕЛЕНИЕ** ........ 26

**ВРАБОТЕНОСТ** ........ 30

Анализа по големина на субјект ........ 30

Анализа по дејности и сектори ........ 32

Анализа по организациона форма ........ 34

Анализа по потекло на капитал ........ 35

**ПРИХОДИ** ........ 36

Приходи по големина на субјект ........ 36

Анализа по дејности и сектори ........ 38

Анализа по организациона форма ........ 40

Анализа по потекло на капитал ........ 41

**ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО** ........ 42

Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив ........ 44

Шумарство и рибарство ........ 49

**ИНДУСТРИЈА, РУДАРСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО** ........ 51

ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ........ 52

Број и структура на деловни субјекти во преработувачка индустрија по оддели ........ 52

Вработени во преработувачка индустрија ........ 54

Остварени приходи во преработувачка индустрија ........ 56

Производство на прехранбени производи ........ 58

Производство на облека ........ 59

Производство на производи од гума и производи од пластични маси ........ 60

Производство на метали ........ 61

Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема ........ 61

Производство на машини и уреди, неспомЕнати на друго место ........ 63

ГРАДЕЖНИШТВО ........ 64

**УСЛУГИ** ..... 69

ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО, ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ ..... 69

ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ ..... 73

ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА ..... 78

**МОЖНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА** ..... 84

**ЗАКЛУЧОК** ..... 95

**ПРИЛОГ 1: НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ (НКД Рев. 2)** ..... 97

**ПРИЛОГ 2: СУМИРАНИ ТАБЕЛИ ЗА РЕГИСТРИРАНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ОДДЕЛИ, 2016** ..... 101

**ПРИЛОГ 3: ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ** ..... 113

**РЕФЕРЕНЦИ** ..... 116

## Индекс на табели


Табела 1 Општина Охрид, површина и население ........ 10
Табела 2 Локална патна мрежа во Република Македонија и во општина Охрид, 2016 година ........ 10
Табела 3 Должина и густина на локална патна мрежа, општина Охрид ........ 11
Табела 4 Критериуми за класификација на деловни субјекти по големина ........ 14
Табела 5 Број на деловни субјекти во општина Охрид по дејности, 2016 ........ 16
Табела 6 Деловни субјекти во општина Охрид по големина на субјект, 2016 ........ 17
Табела 7 Деловни субјекти според организациона форма ........ 18
Табела 8 Деловни субјекти според потекло на капитал (сопственост) ........ 18
Табела 9 Активни деловни субјекти по големина, во општина Охрид, по години, состојба 31 декември ........ 19
Табела 10 Споредбена анализа на регистрирани и активни деловни субјекти, општина Охрид, 2016 ........ 21
Табела 11 Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, во општина Охрид, по години, состојба 31 декември ........ 22
Табела 12 Регистрирани и активни деловни субјекти во општина Охрид, по дејности, 2016 ........ 23
Табела 13 Структура на бројот на активни деловни субјекти по сектори на дејности ........ 24
Табела 14 Население во општина Охрид, полова структура ........ 26
Табела 15 Динамика на број на население во РМ и Охрид ........ 27
Табела 16 Живородени деца во Република Македонија и Охрид, по години ........ 28
Табела 17 Население во општина Охрид според старосни групи ........ 29
Табела 18 Број на вработени во деловни субјекти регистрирани во општина Охрид, по големина на субјект, 2016 ........ 30
Табела 19 Топ 25 субјекти регистрирани во општина Охрид според бројот на вработени во 2016 ........ 31
Табела 20 Број на вработени во субјекти регистрирани во општина Охрид, по дејности, 2016 ........ 32
Табела 21 Вработени по организациона форма на регистрираните субјекти во општина Охрид, 2016 ........ 34
Табела 22 Вкупно вработени по субјекти според потекло на капитал, општина Охрид, 2016 ........ 35
Табела 23 Остварени приходи по гоемина на субјект, општина Охрид, 2016 ........ 36
Табела 24 Топ 15 субјекти регистрирани во Општина Охрид според остварени приходи во 2016 година ........ 37
Табела 25 Остварени приходи по дејности по големина на субјекти регистрирани во општина Охрид, 2016 ........ 38
Табела 26 Приходи по организациона форма на регистрираните субјекти во општина Охрид, 2016 ........ 40
Табела 27 Остварени приходи по потекло на капитал на субјектите регистрирани во општина Охрид, 2016 ........ 41
Табела 28 Земјоделски површини по категории на користење во општина Охрид ........ 42
Табела 29 Остварени приходи по големина на субјект во оддел 1, Општина Охрид, 2016 45
Табела 30 Приходи и вработени во субјекти чија дејност е растително и животинско производство, општина Охрид, 2016 ........ 46
Табела 31 Површини и производство на посеви по општини, според НТЕС 2013 ........ 47

Табела 32 Број на овошни стебла и производство на овошје по општини, според НТЕС 2013 ..... 48
Табела 33 Остварени приходи по големина на субјект во оддел 03, општина Охрид, 2016 ..... 49
Табела 34 Број на субјекти, вработени и приходи во Индустрија, рударство и градежништво, општина Охрид, 2016 ..... 51
Табела 35 Приходи на претпријатија регистрирани за производство на пластика и гуми, општина Охрид, 2016 ..... 61
Табела 36 Структура по големина на субјекти од оддел 25, општина ОХрид, 2016 ..... 62
Табела 37 Приходи и вработени во субјекти регистрирани во оддел 25, општина Охрид, 2016 ..... 62
Табела 38 Структура по големина на субјекти регистрирани во оддел 28, општина Охрид, 2016 ..... 63
Табела 39 Вработени и приходи во субјекти регистрирани во оддел 28, општина Охрид, 2016 ..... 64
Табела 40 Приходи и вработени по оддели во секторот - Градежништво, 2016 ..... 65
Табела 41 Дескриптивна статистика за сектор Ѓ - Градежништво ..... 67
Табела 42 Просечна месечна нето плата по вработен во секторот Градежништво ..... 68
Табела 43 Приходи и вработени во секторот Трговија на големо, трговија на мало и трговија со моторни возила и мотоцикли ..... 70
Табела 44 Дескриптивна статистика за сектор Е (трговија на големо, мало и поправка на моторни возила ..... 71
Табела 45 Просечна месечна нето плата во секторот Трговија на големо и трговија на мало ..... 73
Табела 46 Структура на приходи и вработени во секторот Транспорт и складирање во општина Охрид, по оддели, 2016 ..... 74
Табела 47 Дескриптивна статистика за секторот Транспорт и складирање, 2016 ..... 76
Табела 48 Просечно исплатена нето-плата по вработен во секторот Транспорт и складирање, по месеци ..... 77
Табела 49 Приходи и вработени во секторот хотели и ресторани, општина Охрид, 2016 78
Табела 50 Дескриптивна статистика за приходите и вработените кај сместувачките објекти и објектите за храна и сервирање на храна регистрирани во општина Охрид, 2016 година ..... 80
Табела 51 Туристичка сезоналност во Охрид согласно Gini коефициент и Индексот на сезоналност (2007-2013) ..... 82
Табела 52 Просечно исплатена нето-плата по вработен, секотр Туризам, по НКД Рев.2, по месеци ..... 82
Табела 53Стратешки цели и приоритети за подобрување на иновативниот капацитет.... 85

## Индекс на графикони


Графикон 1 Структура на локална патна мрежа во општина Охрид ..... 11
Графикон 2 Структура на регистрирани деловни субјекти по големина, 2016 ..... 15
Графикон 3 Број на активни деловни субјекти во општина Охрид ..... 19
Графикон 4 Број на микро, мали, средни и големи активни деловни субјекти во Општина Охрид по години, состојба 31 декември ..... 20
Графикон 5 Активни деловни субјекти по големина во Општина Охрид, по години, состојба 31 декември ..... 21
Графикон 6 Активни деловни субјекти во индустрија и услуги во општина Охрид, по години, состојба 31 декември ..... 23
Графикон 7 Население во Република Македонија и Охрид, по години, на 30.06 ..... 27
Графикон 8 Живородени деца воРепублика Македонија и Охрид, по години ..... 28
Графикон 9 Структура на вработени во општина Охрид по големина на деловен субјект ..... 30
Графикон 10 Вработени по сектори во општина Охрид, 2016 ..... 33
Графикон 11 Структура на остварени приходи по големина на субјект, општина Охрид, 2016 ..... 36
Графикон 12 Остварени приходи на субјектите во општина Охрид според регистрирана дејност, 2016 ..... 39
Графикон 13 Учество на микро и мали претпријатија во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство, 2016 ..... 43
Графикон 14 Учество на вработени по големина на претпријатие во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство, 2016 ..... 44
Графикон 15 Остварени приходи по големина на претпријатие во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство, 2016 ..... 44
Графикон 16 Структура на регистрирани субјекти во оддел 1 и 2, општина Охрид, 2016 45
Графикон 17 Вработени по големина на субјект во оддел 1 и 2, општина Охрид, 2016 ..... 45
Графикон 18 Структура на регистрирани субјекти во оддел 1 и 2, општина Охрид, 2016 49
Графикон 19 Структура на регистрирани субјекти во Оддел 03, општина Охрид, 2016 ..... 49
Графикон 20 Број на субјекти по оддели во секторот Преработувачка индустрија, 2016 53
Графикон 21 Структура по големина на субјектите во преработувачката индустрија, општина Охрид, 2016 ..... 53
Графикон 22 Структура по организациона форма на субјектите во преработувачката индустрија, општина Охрид, 2016 ..... 54
Графикон 23 Структура по потекло на капитал на субјектите од преработувачката индустрија, општина Охрид, 2016 ..... 54
Графикон 24 Вработени по големина на субјект, општина Охрид 2016 ..... 55
Графикон 25 Вработени по одделли, општина Охрид, 2016 ..... 55
Графикон 26 Структура на вработени по организациона форма на субјектите во преработувачката индустрија, Охрид, 2016 ..... 56
Графикон 27 Структура на вработени по сопственост на субјектите во преработувачката индустрија, Охрид, 2016 ..... 56
Графикон 28 Приходи по големина на субјект во преработувачката индустрија, општина Охрид, 2016 ..... 56
Графикон 29 Приходи по оддели во преработувачката индустрија, општина Охрид, 2016 ..... 57

Графикон 30 Приходи по сопственост на субјектите во преработувачката индустрија, Охрид, 2016 ........ 58
Графикон 31 Приходи по организациона форма на субјектите во Преработувачката индустрија, Охрид, 2016 ........ 58
Графикон 32 Структура на субјекти по големина во Производство на прехрамбени производи, општина Охрид, 2016 ........ 58
Графикон 33 Структура по големина на субјектите регистрирани за Производство на облека, општина Охрид, 2016 ........ 59
Графикон 34 Структура по големина на субјекти регистрирани за производсво на производи од гума и пластични маси, општина Охрид, 2016 ........ 60
Графикон 35 Влијание на сезоналноста врз туристичкиот промет во Охрид (2007-2013, % промени) ........ 82

# ВОВЕД

Донесувањето на деловни одлуки претставува суштина на процесот на управување независно дали како субјект се јавува претставник на бизнис заедницата, на власта на национално или локално ниво, или на невладините организации. Покрај поставените цели, програми и планови, како базичен инпут на податоци и информации во процесот на донесување на одлуки е и анализата на реалните состојби и текови.

Во таа насока, Општина Охрид распиша јавна набавка за спроведување на економска анализа за поединечните економски гранки на територијата на општина Охрид и деловните можности за развој. По спроведената постапка, Факултетот за туризам и угостителство – Охрид беше избран за економски оператор за спроведување на истражувањето и давање на насоки за понатамошен развој. Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, како најстара високообразовна институција во општината, формира тим на експерти со задолжение за реализација на активностите предвидени со јавната набавка, во состав проф. д-р Јованка БИЛЈАН, и проф. д-р Александар ТРАЈКОВ.

Членовите на тимот извршија темелна економска анализа на деловните субјекти, вработеноста и остварените приходи по поодделни дејности и најзначајните сектори на дејности и оддели на сектори во економската структура на општина Охрид. Посебно внимание е посветено и на структурата по големина на деловните субјекти, односно микро, мали, средни и големи субјекти.

Врз основа на добиените податоци и информации од спроведената анализа утврдени се одредени можности за зголемување на конкурентноста и иновативноста на деловните субјекти како основи за остварување на економски раст и развој.

Најголем проблем со кој се соочи тимот при спроведување на анализата беше прибирањето на податоци. Како извори на податоци се користени официјалната МАКСТАТ база на Државниот завод за статистика (ДЗС) на Република Македонија, и добиените податоци од Централниот регистер на Република Македонија. Имајќи во вид

дека дел од податоците особено оние за бруто домашниот производ по општините и за не/вработени во општината беа недостапни, тимот писмено се обрати до ДЗС, но од таму доби негативен одговор. Тоа е единствената причина поради која не се анализирани вредностите и структурата на агрегатите на националниот аутпут за општина Охрид.

Со надеж дека оваа анализа ќе помогне во согледувањето на економските предизвици и можности за развој на општина Охрид,

30.10.2018

Проф.д-р Јованка БИЛЈАН,

Проф.д-р Александар ТРАЈКОВ

# ОПШТИНА ОХРИД – ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Општина Охрид со површина од 390м² е петта по површина од деветте општини во Југозападниот плански регион во Република Македонија. Имено општина Охрид опфаќа 1,52% од вкупната површина на Република Македонија.

ТАБЕЛА 1 ОПШТИНА ОХРИД, ПОВРШИНА И НАСЕЛЕНИЕ

| **Површина** | **м2** | **Население** | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | 25713 | Република Македонија | 2072490 |
| **Охрид** | 390 | Охрид | 51619 |
| **% Охрид во РМ** | 1,52 | % Охрид во РМ | 2,49 |

Извор : (Центар за развој на Југозападен плански регион)

Во 2016 година во општина Охрид живееле 51.619 жители, односно 2,49% од вкупното население во Република Македонија. Според податоците на ДЗС, по број на жители, општина Охрид е трета општина во ЈЗПР, после Струга и Кичево.

Локалната патна мрежа во општина Охрид изнесува 163 км, што претставува 1,67% од вкупната локална патна мрежа во Република Македонија што соодејствува на учеството на површината на општина Охрид во вкупната површина на Република Македонија (1,52%). Локалната патна мрежа во општина Охрид е со густина од 0,42 км/м² што претставува повеќе од густината во Република Македонија, што изнесува 0,38 км/м².

ТАБЕЛА 2 ЛОКАЛНА ПАТНА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО ОПШТИНА ОХРИД, 2016 ГОДИНА

| | | Вкупно | Асфалт и коцка | Макадам | Земјани | Непросечени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | | 9749 | 5194 | 766 | 2609 | 1180 |
| Охрид | | 163 | 106 | 32 | 7 | 18 |
| % учество на поделнитe видови патишта во вкупно | **РМ** | | 53,28 | 7,86 | 26,76 | 12,10 |
| | **Охрид** | | 65,03 | 19,63 | 4,29 | 11,04 |
| % учество на патна мрежа на Охрид во Република Македонија | | 1,67 | 2,04 | 4,18 | 0,27 | 1,53 |

Извор: (ДЗС, 2018), 2018

Најголемо учество во локалната патна мрежа на општина Охрид имаат патиштата под асфалт и коцка (65,03%). Патиштата од макадам опфаќаат 19,63%, земјените патишта 4,29% и непросечените патишта опфаќаат 11,04% од вкупната локална патна мрежа во општина Охрид.

ГРАФИКОН 1 СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНА ПАТНА МРЕЖА ВО ОПШТИНА ОХРИД




Структурата на локалната патна мрежа во општина Охрид е со подобри карактеристики од структурата на локалната патна мрежа во Република Македонија. Имено, во структурата на локалната патна мрежа на општина Охрид доминираат патиштата од асфалт и коцка и макадам, додека во структурата на локалната патна мрежа на Република Македонија покрај патиштата од асфалт и коцка, доминираат земјаните патишта.

ТАБЕЛА 3 ДОЛЖИНА И ГУСТИНА НА ЛОКАЛНА ПАТНА МРЕЖА, ОПШТИНА ОХРИД

| **Површина** | **локална патна мрежа км** | **Густина км/м²** |
|---|---|---|
| **Република Македонија** | 9749 | 0,38 |
| **Охрид** | 163 | 0,42 |
| **% Охрид во РМ** | | |

Извор: (ДЗС, 2018)

Особено значење за интензивирање на развојот на општина Охрид е тоа што во нејзина непосредна близина е меѓународниот аеродром Св. Апостол Павле, како и Паневропскиот Коридор VIII. Не помало е и значењето на кракот на Паневропскиот Коридор X, односно X10d, што минува низ Битола.

На територијата на општина Охрид има еден меѓународен царинско - граничен премин за патнички промет – Св. Наум, и еден царински терминал за стоков промет кај с. Косел. Во непосредна близина има меѓународен царинско - граничен премин со Република Албанија – Ќафасан, кој е лоциран на Коридорот VIII и е директна врска до најблиското пристаниште во Драч.

# ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

Деловни субјекти, согласно методолошките упатства на Државниот завод за статистика (во понатамошниот текст - ДЗС) на Република Македонија, претставуваат *сите правни и физички лица што вршат некоја од дејностите утврдени во Националната класификација на дејностите, со седиште на територијата на Република Македонија, регистрирани од надлежен орган во согласност со закон, односно основани со закон, како и организационите единици на странски трговски друштва и странски трговци-поединци што вршат дејност на територијата на Република Македонија.*

За потребите на анализата спроведена во рамките на проектот *Економска анализа за поединечните економски гранки на територијата на општина Охрид и деловните можности за развој како деловни субјекти* се обработени податоци и за правни и за физички лица. Според методолошките упатства на ДЗС, *правни лица се сите форми на правна конструкција организирана според прописите на државата (трговски друштва, институции, установи, здруженија и други организации) со утврдени права и обврски, кои својството на правно лице го стекнуваат со денот на нивната регистрација во соодветен надлежен регистар,* додека *физички лица се субјектите (самостојни извршители на дејности, занаетчии, индивидуални земјоделци, трговци поединци) што поседуваат права и обврски, а својството на правен (деловен) субјект им е признаено врз основа на постојните законски прописи.*

Посебно внимание во анализата е посветено на активните деловни субјекти*. Активни деловни субјекти, согласно методолошките упатства на ДЗС се сите деловни субјекти што учествуваат во создавањето на бруто-домашниот производ, а како основен критериум за утврдување на активноста на субјектите се податоците за приход и/ или вработени, односно оние кои остварувале дејност и поднеле завршна сметка за одредена деловна година.*

Основни извори на информации за деловните и активните деловни субјекти се МАКСТАТ базата на ДЗС, како и добиените податоци од Централниот регистер на Република Македонија (во понатамошниот текст - ЦРМ). Од МАКСТАТ базата се користени податоци за активните деловни субјекти, додека од ЦРМ се добиени податоци за сите деловни субјекти регистрирани во општина Охрид.

## ВКУПНО РЕГИСТРИРАНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Анализата на вкупно регистрираните деловни субјекти опфаќа утврдување на број и структура на субјекти по големина (микро, мали, средни и големи); по дејности, сектори и оддели на Националната класификација на дејности – Рев.2 (во понатамошниот текст – НКД); по организациона форма и по потекло на капитал.

**Анализа по големина на субјект.** Класификацијата на деловните субјекти по големина е регулирана со членот 470 од Законот за трговски друштва на Република Македонија (види Табела бр.1).

ТАБЕЛА 4 КРИТЕРИУМИ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО ГОЛЕМИНА

| Големина на субјектот | Критериуми |
|---|---|
| **Микро** | • До 10 вработени по број на часови на работа<br>• Бруто годишен приход до 50.000 евра во денарска противвредност |
| **Мал** | • До 50 вработени по број на часови на работа и<br>• Годишен приход помал од 2 мил. евра во денарска противвредност, или<br>• Просечна вредност на вкупни средства во активата на почетокот и на крајот на пресметковниот период помала од 2 мил. евра во денарска противвредност |
| **Среден** | • До 250 вработени по број на часови на работа, и<br>• Годишен приход помал од 10мил.евра во денарска противвредност, или<br>• Просечна вредност на вкупни средства во активата на почетокот и на крајот на пресметковниот период помала од 11 мил. евра во денарска противвредност |
| **Голем** | • Субјекти што не се распоредени ниту во мали, ниту во средни субјекти |

Извор: (Закон за трговските друштва (консолидиран текст)), преземено од http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/ZTD%20konsolidiiran.pdf на 25.10.2018 година

*Микро субјект* е деловен субјект кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил следниве два критериуми:

1. просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа да е до десет работници и
2. бруто приход остварен од трговецот од кој било извор да не надминува 50.000 ЕВРА во денарска противвредност.

*Мал субјект* е деловен субјект во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:

1. просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 50 работници и
2. годишниот приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност, или
3. просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 2.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.

*Среден субјект* е деловен субјект кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:

1. просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 250 работници и
2. годишниот приход да е помал од 10.000.000 ЕВРА во денарска противвредност или
3. просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 11.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.

Како *голем субјект* се класифицира оној деловен субјект кој не се распоредува во мали или средни субјекти.

ГРАФИКОН 2 СТРУКТУРА НА РЕГИСТРИРАНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО ГОЛЕМИНА, 2016




Во општина Охрид, огласно податоците од ЦРМ, во 2016 година биле регистрирани вкупно 4.309 деловни субјекти. Од нив, најголем дел 2.901 субјект, односно 67,32% од вкупно регистрираните деловни субјекти се микро, 1.375 субјекти, односно 31,91% се мали, 24, односно 0,56% се средни и 9 субјекти, односно 0,21% се големи субјекти.

**Анализа по дејности.** *Главна дејност е дејноста што има најголемо учество во структурата на приходот на деловниот субјект, кој го остварил од вршење на дејностите* (според ДСЗ).

Најголем дел од деловните субјекти во општина Охрид во 2016 година биле регистрирани во услужните сектори (82,42%), додека 16,65% биле регистрирани во индустријата, а само 0,87% во дејностите земјоделство, шумарство и рибарство. Ваквата општа структура се темели на структурата на микро и малите субјекти. Имено, од вкупно регистрирани 2.857 микро субјекти, 2.345 односно 82,08% се во услужните сектори, 482 микро субјекти, односно 16,87% се во индустрија, додека 30, односно 1,05% се регистрирани во дејностите земјоделство, шумарство и рибарство. Соодветна е и структурата на малите субјекти. Од вкупно регистрирани 1.373 мали субјекти, 1.151 односно 83,83% се во услужните сектори, 215 мали субјекти, односно 15,66% се во индустрија, додека 7, односно 0,51% се регистрирани во дејностите земјоделство, шумарство и рибарство. Средните и големите субјекти се регистрирани во 33,33% и 55,56% индустриските и 66,67% и 44,44% во услужните сектори, респективно.

ТАБЕЛА 5 БРОЈ НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ДЕЈНОСТИ, 2016

| Дејност | Микро | | Мали | | Средни | | Големи | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 30 | 1,05 | 7 | 0,51 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **37** | 0,87 |
| **Индустрија** | 482 | 16,87 | 215 | 15,66 | 8 | 33,33 | 5 | 55,56 | **710** | 16,65 |
| **Услуги** | 2345 | 82,08 | 1151 | 83,83 | 16 | 66,67 | 4 | 44,44 | **3516** | 82,48 |
| **Вкупно** | **2857** | **100** | **1373** | **100** | **24** | **100** | **9** | **100** | **4263** | **100** |

Извор: (ЦРМ, 2018) , сопствени пресметки

Речиси три петтини од вкупниот број на деловни субјекти во општина Охрид во 2016 година се регистрирани во четири од 21 сектор, и тоа Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли (27,62%), Други услужни дејности (12,56%), Преработувачка индустрија (10,65%) и Објекти за сместување и сервисни дејности (9,54%).

Анализата на учеството на микро регистрираните субјекти по сектори укажува дека доминантен е бројот на субјекти регистрирани во секторот Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли (29,27%), Објекти за сместување и

сервисни дејности (11,00%), Други услужни дејности (10,48%) и Преработувачка индустрија (10,03%).

ТАБЕЛА 6 ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ, 2016

| Сектор | Микро | | Мали | | Средни | | Големи | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | Број | % | број | % | број | % |
| А | 30 | 1,03 | 7 | 0,51 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **37** | **0,86** |
| Б | 1 | 0,03 | 1 | 0,07 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **2** | **0,05** |
| В | 291 | 10,03 | 161 | 11,71 | 5 | 20,83 | 2 | 22,22 | **459** | **10,65** |
| Г | 4 | 0,14 | 1 | 0,07 | 0 | 0,00 | 1 | 11,11 | **6** | **0,14** |
| Д | 0 | 0,00 | 1 | 0,07 | 1 | 4,17 | 0 | 0,00 | **2** | **0,05** |
| Ѓ | 186 | 6,41 | 51 | 3,71 | 2 | 8,33 | 2 | 22,22 | **241** | **5,59** |
| Е | 849 | 29,27 | 335 | 24,36 | 6 | 25,00 | 0 | 0,00 | **1190** | **27,62** |
| Ж | 156 | 5,38 | 46 | 3,35 | 1 | 4,17 | 1 | 11,11 | **204** | **4,73** |
| З | 319 | 11,00 | 88 | 6,40 | 4 | 16,67 | 0 | 0,00 | **411** | **9,54** |
| Ѕ | 51 | 1,76 | 10 | 0,73 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **61** | **1,42** |
| И | 9 | 0,31 | 10 | 0,73 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **19** | **0,44** |
| Ј | 37 | 1,28 | 6 | 0,44 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **43** | **1,00** |
| К | 277 | 9,55 | 47 | 3,42 | 0 | 0,00 | 1 | 11,11 | **325** | **7,54** |
| Л | 152 | 5,24 | 173 | 12,58 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **325** | **7,54** |
| Љ | 1 | 0,03 | 5 | 0,36 | 1 | 4,17 | 1 | 11,11 | **8** | **0,19** |
| М | 31 | 1,07 | 21 | 1,53 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **52** | **1,21** |
| Н | 101 | 3,48 | 35 | 2,55 | 2 | 8,33 | 1 | 11,11 | **139** | **3,23** |
| Њ | 58 | 2,00 | 138 | 10,04 | 2 | 8,33 | 0 | 0,00 | **198** | **4,60** |
| О | 304 | 10,48 | 237 | 17,24 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **541** | **12,56** |
| П | 0 | 0,00 | 2 | 0,15 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **2** | **0,05** |
| *** | 44 | 1,52 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | **44** | **1,02** |
| **ВКУПНО** | **2901** | **67,32** | **1375** | **31,91** | **24** | **0,56** | **9** | **0,21** | **4309** | **100,00** |

Извор: (ЦРМ, 2018), сопствени пресметки

Најголем дел од малите субјекти се регистрирани во Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли (24,36%), Други услужни дејности (17,24%), Административни и помошни услужни дејности (12,58%) и Преработувачка индустрија (11,71%). Една четвртина од средните претпријатија се регистрирани во Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, додека 20,83% се регистрирани во Преработувачка индустрија, а 16,67% во Објекти за сместување и сервисни дејности. По 22,22% од големите субјекти се регистрирани во Преработувачка индустрија и во Градежништво.

**Анализа по организациона форма.** Повеќе од половината деловни субјекти во општина Охрид во 2016 година, односно 57,44% се регистрирани како друштва со ограничена одговорност основани од едно лице (ДООЕЛ), 8,22% како друштва со ограничена одговорност (ДОО), 2,09% трговци поединци (ТП) и 0,46% како акционерски друштва (АД). Мал дел од субјектите се регистрирани како заштитни друштва (0,23%).

ТАБЕЛА 7 ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ СПОРЕД ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА

| 2016 | Трговец Поеди. | Заштитни Друштва | Занаетчии | Здруженија | Нотари Извршители Адвокати | Останати | Јавни претприј. Државни органи Општински претприја. | Здравствени установи/ Образовни установи/ Културни установи | ДООЕЛ | ДОО | АД | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | 90 | 10 | 249 | 526 | 113 | 274 | 12 | 186 | 2475 | 354 | 20 | 4309 |
| % | 2,09 | 0,23 | 5,78 | 12,21 | 2,62 | 6,36 | 0,28 | 4,32 | 57,44 | 8,22 | 0,46 | 100,00 |

Извор: (ЦРМ, 2018), сопствени пресметки

Во структурата на регистрирани деловни субјекти 12,21% се здруженија на граѓани, 5,78% занаетчии, 4,32% се здравствени установи, основни училишта и културни установи; 2,62% се нотари, извршители и адвокати, додека 0,28% се јавни претпријатија, локална самоуправа и државни органи.

**Анализа по потекло на капитал (сопственост).** Повеќе од половината од регистрираните деловни субјекти во општина Охрид во 2016 година имаат домашно потекло на капиталот, додека 2,32% се во странска сопственост, а 0,46% во мешовита сопственост.

ТАБЕЛА 8 ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ СПОРЕД ПОТЕКЛО НА КАПИТАЛ (СОПСТВЕНОСТ)

| 2016 | Дом | Стран | Мешо | Недеф | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Број | 2382 | 100 | 20 | 1807 | 4309 |
| % | 55,28 | 2,32 | 0,46 | 41,94 | 100,00 |

Извор: (ЦРМ, 2018), сопствени пресметки

Голем дел од субјектите, односно 41,94%, се со недефинирано потекло на капиталот.

## АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Анализата на активните деловни субјекти опфаќа утврдување на број и структура на субјекти по големина (микро, мали, средни и големи); по дејности и по сектори на НКД.

Бројот на активни деловни субјекти во општина Охрид во анализираниот период 2009-2017, бележи нерамномерен тренд. Во 2017 година во општина Охрид функционирале 2.636 активни субјекти, што значи пад од 2.04% во однос на 2009 година, и

забележителен пад од 9.42% во однос на 2012 година, кога биле активни најголем број на регистрираните деловни субјекти и тоа 2.910.

ГРАФИКОН 3 БРОЈ НА АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД




Ваквата состојба најмногу се должи на динамиката на бројот на активните микро субјекти. Во 2012 година, во општина Охрид биле активни 2.143 микро субјекти, што претставува пораст од 45.49% во однос на 2009 година кога имало 1.473 микро субјекти. Но, во наредниот период од 2013-2017 година, бројот на микро субјекти бележи перманентен пад, и тоа од 2.143 во 2012 на 1.884 микро субјекти во 2017, што претставува пад за 12.09% во 2017 во однос на 2012 година.

ТАБЕЛА 9 АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО ГОЛЕМИНА, ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ГОДИНИ, СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Микро** | 1473 | 1554 | 1855 | 2143 | 2023 | 1979 | 1956 | 1970 | 1884 |
| **Мали** | 1196 | 1179 | 968 | 742 | 708 | 688 | 675 | 674 | 718 |
| **Средни** | 20 | 21 | 19 | 21 | 22 | 24 | 26 | 26 | 24 |
| **Големи** | 2 | 4 | 3 | 4 | 4 | 5 | 6 | 10 | 10 |
| **Вкупно** | **2691** | **2758** | **2845** | **2910** | **2757** | **2696** | **2663** | **2680** | **2636** |
| | | | | | **СТРУКТУРА (%)** | | | | |
| **Микро** | 54,74 | 56,35 | 65,20 | 73,64 | 73,38 | 73,41 | 73,45 | 73,51 | 71,47 |
| **Мали** | 44,44 | 42,75 | 34,02 | 25,50 | 25,68 | 25,52 | 25,35 | 25,15 | 27,24 |
| **Средни** | 0,74 | 0,76 | 0,67 | 0,72 | 0,80 | 0,89 | 0,98 | 0,97 | 0,91 |
| **Големи** | 0,07 | 0,15 | 0,11 | 0,14 | 0,15 | 0,19 | 0,23 | 0,37 | 0,38 |
| **Вкупно** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |
| | | | | | **СТАПКИ НА РАСТ (%), n-1=100** | | | | |
| **Микро** | | 5,50 | 19,37 | 15,53 | -5,60 | -2,17 | -1,16 | 0,72 | -4,37 |
| **Мали** | | -1,42 | -17,90 | -23,35 | -4,58 | -2,82 | -1,89 | -0,15 | 6,53 |
| **Средни** | | 5,00 | -9,52 | 10,53 | 4,76 | 9,09 | 8,33 | 0,00 | -7,69 |
| **Големи** | | 100,00 | -25,00 | 33,33 | 0,00 | 25,00 | 20,00 | 66,67 | 0,00 |
| **Вкупно** | | 2,49 | 3,15 | 2,28 | -5,26 | -2,21 | -1,22 | 0,64 | -1,64 |

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **СТАПКИ НА РАСТ (%) 2009=100** | | | | |
| **Микро** | | 5,50 | 25,93 | 45,49 | 37,34 | 34,35 | 32,79 | 33,74 | 27,90 |
| **Мали** | | -1,42 | -19,06 | -37,96 | -40,80 | -42,47 | -43,56 | -43,65 | -39,97 |
| **Средни** | | 5,00 | -5,00 | 5,00 | 10,00 | 20,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 |
| **Големи** | | 100,00 | 50,00 | 100,00 | 100,00 | 150,00 | 200,00 | 400,00 | 400,00 |
| **Вкупно** | | 2,49 | 5,72 | 8,14 | 2,45 | 0,19 | -1,04 | -0,41 | -2,04 |

Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоци од (ДЗС, 2018)

Бројот на малите активни субјекти во општина Охрид бележи постојан пад. Во 2017 година, активни биле 718 мали субјекти, што претставува пад од 39.97% во однос на 2009 година.

Бројот на средните и големите активни деловни субјекти во анализираниот период бележи постојан раст, и тоа: кај средните субјекти од 20 во 2009 бројот пораснал на 24 во 2017, односно за 20% во однос на 2009 година, додека кај големите претпријатија од 2 во 2009 пораснал на 10 во 2017, односно за 400% во однос на 2009 година. Нивниот број е занемарлив во однос на вкупниот број на активни субјекти, но имајќи ги во вид нивните карактеристики по број на вработени и вкупни приходи, нивното влијание врз економската структура е големо и значајно.

ГРАФИКОН 4 БРОЈ НА МИКРО, МАЛИ, СРЕДНИ И ГОЛЕМИ АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ГОДИНИ, СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ



Во структурата на активни субјекти во општина Охрид во анализираниот период доминантно учество имаат микро (71.47% во 2017) и малите (27,24% во 2017) субјекти, додека бројот на активни средни и големи деловни субјекти е минимален. Притоа, забележителна е тенденцијата на постојано зголемување на учеството на микро субјектите во вкупниот број на активни субјекти, особено од 54.74% во 2009, на 73,64% во 2012. Потоа следи тенденција на благо опаѓање на учеството на микро субјектите, за во 2017 да изнесува 71,47% од вкупно активните деловни субјекти. За разлика од нив, учеството на малите субјекти во структурата на активните субјекти бележи постојан пад, односно од 44,44% во 2009, истото паѓа на 27,24%.

ГРАФИКОН 5 АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО ГОЛЕМИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ГОДИНИ, СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ




Иако учеството на средните и големите субјекти во структурата на активните субјекти во општина Охрид перманентно расте, сепак тоа е многу ниско. Учеството на средните субјекти во структурата на активните субјекти од 0,74% во 2009 пораснало на 0,94% во 2017, додека учеството на големите субјекти во структурата на активните субјекти пораснало од 0,07% во 2009 на 0,38% во 2017 година.

ТАБЕЛА 10 СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА РЕГИСТРИРАНИ И АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| Големина | Регистрирани | | Активни | |
|---|---|---|---|---|
| | **Број** | **%** | **Број** | **%** |
| Микро | 2901 | 67,32 | 1970 | 73,51 |
| Мали | 1375 | 31,91 | 674 | 25,15 |
| **ВКУПНО** | **4309** | **100,00** | **2680** | **100,00** |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ДЗС, 2018) (ЦРМ, 2018)

Споредбената анализа на бројот на регистрирани и активни субјекти во 2016 година укажува дека 37,80% од регистрираните субјекти се неактивни. Од регистрираните 2.901 микро субјект неактивни се 32,09%, односно активни се 1.970, додека од регистрираните 1.375 мали субјекти неактивни се половината (50,98%), односно активни се само 674 субјекти.

ТАБЕЛА 11 АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТ СПОРЕД НКД РЕВ.2, ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ГОДИНИ, СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ

| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 18 | 21 | 27 | 24 | 22 | 22 | 26 | 23 |
| **Индустрија** | 512 | 518 | 526 | 496 | 488 | 481 | 505 | 495 |
| **Услуги** | 2228 | 2306 | 2357 | 2237 | 2186 | 2160 | 2149 | 2118 |
| **Вкупно** | **2758** | **2845** | **2910** | **2757** | **2696** | **2663** | **2680** | **2636** |
| **СТРУКТУРА (%)** | | | | | | | | |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 0,65 | 0,74 | 0,93 | 0,87 | 0,82 | 0,83 | 0,97 | 0,87 |
| **Индустрија** | 18,56 | 18,21 | 18,08 | 17,99 | 18,10 | 18,06 | 18,84 | 18,78 |
| **Услуги** | 80,78 | 81,05 | 81,00 | 81,14 | 81,08 | 81,11 | 80,19 | 80,35 |
| **Вкупно** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Извор: (ДЗС, 2018), сопствени пресметки

Најголем број од активните деловни субјекти во општина Охрид се регистрирани во услужните дејности. Имено, во 2017 година 2.118 активни деловни субјекти биле работеле во услужните дејности, што претставува 4/5, односно 80,35% од вкупниот број на активни деловни субјекти. Помалку од 1/5, односно 18,78% од вкупниот број на активни деловни субјекти во општина Охрид работеле во индустрија, додека само 23 субјекти, односно 0,87% од вкупниот број активни деловни субјекти биле регистрирани во земјоделство, шумарство и рибарство.

Најголем број на активни субјекти во општина Охрид имало во 2012 година, по што следи перманентно намалување на нивниот број, што е особено изразено во услужната дејност.

ГРАФИКОН 6 АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ИНДУСТРИЈА И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ГОДИНИ, СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ




Соодветно на горенаведените податоци, во услужната дејност има најголемо учество на неактивни деловни субјекти во 2016 година. Имено, од регистрираните 3.516 субјекти, 2.149 се активни, односно 38,88% се неактивни. Состојбата е релативно иста и во индустријата и во земјоделството, шумарството и рибарството. Во индустријата, 28,87% од регистрираните субјекти се неактивни, додека во земјоделството, шумарството и рибарството тој процент изнесува 29,73%.

ТАБЕЛА 12 РЕГИСТРИРАНИ И АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ДЕЈНОСТИ, 2016

| ДЕЈНОСТ | Регистрирани | | Активни | | % активни во регистрирани | % неактивни во регистрирани |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | | |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 37 | 0,87 | 26 | 0,97 | 70,27 | 29,73 |
| Индустрија | 710 | 16,65 | 505 | 18,84 | 71,13 | 28,87 |
| Услуги | 3516 | 82,48 | 2149 | 80,19 | 61,12 | 38,88 |
| Вкупно | 4263 | 100,00 | 2680 | 100,00 | 62,87 | 37,13 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од (ДЗС, 2018) (ЦРМ, 2018)

Повеќето од половината од активните деловни субјекти во општина Охрид во анализираниот период се регистрирани во три сектори, и тоа: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, Преработувачка индустрија и Објекти за сместување и сервисни дејности.

ТАБЕЛА 13 СТРУКТУРА НА БРОЈОТ НА АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТИ

| СЕКТОР | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 0,65 | 0,74 | 0,93 | 0,87 | 0,82 | 0,83 | 0,97 | 0,87 |
| Б Рударство и вадење на камен | 0,04 | 0,04 | 0,03 | 0,04 | 0,04 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| В Преработувачка индустрија | 12,11 | 11,74 | 11,79 | 11,64 | 11,80 | 11,75 | 11,98 | 12,03 |
| Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0,04 | 0,00 | 0,00 | 0,04 | 0,11 | 0,08 | 0,07 | 0,08 |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 0,15 | 0,07 | 0,07 | 0,15 | 0,15 | 0,11 | 0,11 | 0,08 |
| Ѓ Градежништво | 6,24 | 6,36 | 6,19 | 6,13 | 6,01 | 6,12 | 6,68 | 6,60 |
| Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 40,79 | 39,47 | 37,97 | 36,67 | 35,50 | 34,70 | 34,03 | 33,65 |
| Ж Транспорт и складирање | 6,24 | 6,19 | 6,32 | 6,13 | 6,19 | 5,90 | 6,23 | 6,18 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 10,04 | 10,12 | 11,17 | 10,92 | 10,87 | 11,30 | 10,93 | 10,74 |
| Ѕ Информации и комуникации | 1,49 | 1,62 | 1,51 | 1,67 | 1,85 | 2,03 | 1,98 | 1,78 |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0,58 | 0,60 | 0,52 | 0,54 | 0,63 | 0,75 | 0,78 | 0,76 |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | 0,80 | 0,98 | 0,93 | 0,91 | 0,96 | 1,01 | 1,08 | 1,14 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 6,60 | 7,10 | 7,77 | 8,49 | 8,75 | 8,97 | 9,10 | 9,60 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 1,92 | 2,04 | 2,20 | 2,32 | 2,56 | 2,37 | 2,50 | 2,77 |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 0,15 | 0,18 | 0,21 | 0,18 | 0,19 | 0,19 | 0,19 | 0,19 |
| М Образование | 1,05 | 1,20 | 1,17 | 1,27 | 1,45 | 1,65 | 1,57 | 1,63 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 3,88 | 3,90 | 3,99 | 4,24 | 4,34 | 4,51 | 4,33 | 4,40 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 1,81 | 1,76 | 1,58 | 1,56 | 1,74 | 1,84 | 1,79 | 1,71 |
| О Други услужни дејности | 5,44 | 5,91 | 5,67 | 6,24 | 6,05 | 5,90 | 5,67 | 5,80 |
| ВКУПНО | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ДЗС, 2018)

Најголемо учество во вкупниот број на активни деловни субјекти во општина Охрид во анализираниот период има секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли. Имено, 1/3 од активните субјекти во 2017 година биле регистрирани во овој сектор. Притоа, треба да се истакне дека иако е се уште доминантен сектор, неговото учество во вкупниот број на активни деловни субјекти перманентно опаѓа, и тоа од 40,79 во 2010 на 33,65% во 2017 година. Тоа е резултат постојаниот пад на бројот на активни субјекти и тоа од 1.125 во 2010 на 887 во 2017 година.

Следен сектор по учество во вкупниот број на активни деловни субјекти во општина Охрид е преработувачката индустрија. Учеството на активните субјекти од преработувачката индустрија во вкупниот број активни деловни субјекти во текот на анализираниот период се движи околу 12%, додека бројот на субјекти се движи од 334 во 2010 до 317 во 2017 година.

Во секторот Објекти за сместување и сервисни дејности со храна во 2010 година биле активни 277 субјекти, додека во 2017 биле активни 283 субјекти. Учеството на активните субјекти од овој сектор во вкупниот број на активни деловни субјекти во општина Охрид во анализираниот период се движи од 10,04% во 2010, 11,17% во 2012 и 10,74% во 2017 година.

Покрај горенаведените три сектори на дејности, значаен број на активни деловни субјекти во општина Охрид се регистрирани во следните пет сектори: Стручни, научни и технички дејности (9,60% во 2017), Градежништво (6,60% во 2017), Транспорт и складирање (6,18% во 2017), Други услужни дејности (5,80% во 2017) и Дејности на здравствена и социјална заштита (4,40% во 2017).

# НАСЕЛЕНИЕ

Во општина Охрид според официјалните податоци од Државниот завод за статистика, на 30.06.2016 година живееле 51.619 лица, односно 2,49% од вкупната популација на Република Македонија. Од нив 25.300, односно 49,01% биле мажи, додека 26.319, односно 50,99% биле жени.

ТАБЕЛА 14 НАСЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПОЛОВА СТРУКТУРА

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ | 2036855 | 2040228 | 2043559 | 2046898 | 2050671 | 2055004 | 2058539 | 2061044 | 2064032 | 2067471 | 2070226 | 2072490 |
| **ОХРИД** | | | | | | | | | | | | |
| вкупно | 55593 | 55411 | 55328 | 55266 | 55023 | 54759 | 54269 | 53467 | 52734 | 52262 | 51855 | 51619 |
| % во РМ | 2,73 | 2,72 | 2,71 | 2,70 | 2,68 | 2,66 | 2,64 | 2,59 | 2,55 | 2,53 | 2,50 | 2,49 |
| **БРОЈ ПО ПОЛ, ОХРИД** | | | | | | | | | | | | |
| мажи | 27510 | 27385 | 27323 | 27272 | 27129 | 26962 | 26654 | 26219 | 25864 | 25635 | 25425 | 25300 |
| жени | 28083 | 28026 | 28005 | 27994 | 27894 | 27797 | 27615 | 27248 | 26870 | 26627 | 26430 | 26319 |
| **СТРУКТУРА ПО ПОЛ, ОХРИД** | | | | | | | | | | | | |
| мажи | 49,48 | 49,42 | 49,38 | 49,35 | 49,30 | 49,24 | 49,11 | 49,04 | 49,05 | 49,05 | 49,03 | 49,01 |
| жени | 50,52 | 50,58 | 50,62 | 50,65 | 50,70 | 50,76 | 50,89 | 50,96 | 50,95 | 50,95 | 50,97 | 50,99 |

Извор: Сопствени пресметки врз основа на (ДЗС, 2018)

Охрид се соочува со депопулација, односно стапките на раст на бројот на населението континуирано се негативни во анализираниот период од 2005-2016 година. Секоја последователна година бројот на население се намалува и во однос на претходната и во однос на 2005 година, како почетна (базна) година. Во истиот период, во Република Македонија населението расте со минимални стапки.

Најголем пад на бројот на населението во однос на претходна година има во 2012, односно во 2012 година бројот на население во општина Охрид се намалило за 1,48% во однос на 2011 година.

ГРАФИКОН 7 НАСЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОХРИД, ПО ГОДИНИ, НА 30.06




Бројот на население анализирано по пол (мажи/жени) во секоја последователна во однос на претходна година бележи континуиран пад, при што бројот на мажи се намалува со стапки повисоки од стапките на намалување на бројот на жени.

ТАБЕЛА 15 ДИНАМИКА НА БРОЈ НА НАСЕЛЕНИЕ ВО РМ И ОХРИД

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **РМ** | $R_{n-1=100}$ | 0,17 | 0,16 | 0,16 | 0,18 | 0,21 | 0,17 | 0,12 | 0,14 | 0,17 | 0,13 | 0,11 |
| **ОХ** | $R_{n-1=100}$ | -0,33 | -0,15 | -0,11 | -0,44 | -0,48 | -0,89 | -1,48 | -1,37 | -0,90 | -0,78 | -0,46 |
| **РМ** | $R_{2005=100}$ | 0,17 | 0,33 | 0,49 | 0,68 | 0,89 | 1,06 | 1,19 | 1,33 | 1,50 | 1,64 | 1,75 |
| **ОХ** | $R_{2005=100}$ | -0,33 | -0,48 | -0,59 | -1,03 | -1,50 | -2,38 | -3,82 | -5,14 | -5,99 | -6,72 | -7,15 |
| **Динамика на број на население во Охрид по пол** | | | | | | | | | | | | |
| *Мажи* | $R_{n-1=100}$ | *-0,45* | *-0,23* | *-0,19* | *-0,52* | *-0,62* | *-1,14* | *-1,63* | *-1,35* | *-0,89* | *-0,82* | *-0,49* |
| Жени | $R_{n-1=100}$ | -0,20 | -0,07 | -0,04 | -0,36 | -0,35 | -0,65 | -1,33 | -1,39 | -0,90 | -0,74 | -0,42 |
| *Мажи* | $R_{2005=100}$ | *-0,45* | *-0,68* | *-0,87* | *-1,38* | *-1,99* | *-3,11* | *-4,69* | *-5,98* | *-6,82* | *-7,58* | *-8,03* |
| Жени | $R_{2005=100}$ | 1,88 | 1,80 | 1,76 | 1,40 | 1,04 | 0,38 | -0,95 | -2,33 | -3,21 | -3,93 | -4,33 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ДЗС, 2018)

Анализирано во однос на 2005 година, како почетна (базна) година во спроведената анализа, карактеристично е дека бројот на мажи континуирано опаѓа секоја година во однос на бројот во 2005 година, додека бројот на жени во првата половина на анализираниот период (до 2011 година) бележи раст во однос на 2005, а во вториот период (од 2012-2016) бележи негативен тренд, односно намалување на бројот на жени во однос на 2005 година.

Бројот на населението во 2016 година бележи пад од 7,15% во однос на 2005 година. Во истиот период, бројот на население во Република Македонија бележи раст од 1,75%.

Бројот на мажи во 2016 година бележи пад од 8,03% во однос на 2005, додека бројот на жени бележи помал пад, и тоа од 4,33% во однос на 2005.

**Живородени деца.** Бројот на живородени деца во општина Охрид во 2017 година изнесува 478, што претставува 2,20% од вкупно живородените во Република Македонија.

ГРАФИКОН 8 ЖИВОРОДЕНИ ДЕЦА ВОРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОХРИД, ПО ГОДИНИ




Во анализираниот период бројот на живородени деца бележи пад. Во 2017 бројот на живородени деца во РМ изнесува 21.754, односно 5,43% помалку во однос на 2016, и 3,24% помалку во однос на 2005 година.

ТАБЕЛА 16 ЖИВОРОДЕНИ ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОХРИД, ПО ГОДИНИ

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ | 22482 | 22585 | 22688 | 22945 | 23684 | 24296 | 22770 | 23568 | 23138 | 23596 | 23075 | 23002 | 21754 |
| Охрид | 570 | 580 | 582 | 549 | 573 | 572 | 530 | 523 | 535 | 559 | 545 | 584 | 478 |
| **% ОХ во РМ** | 2,54 | 2,57 | 2,57 | 2,39 | 2,42 | 2,35 | 2,33 | 2,22 | 2,31 | 2,37 | 2,36 | 2,54 | 2,20 |
| **РМ** | **Rn-1=100** | 0,46 | 0,46 | 1,13 | 3,22 | 2,58 | -6,28 | 3,50 | -1,82 | 1,98 | -2,21 | -0,32 | -5,43 |
| **Охрид** | **Rn-1=100** | 1,75 | 0,34 | -5,67 | 4,37 | -0,17 | -7,34 | -1,32 | 2,29 | 4,49 | -2,50 | 7,16 | -18,15 |
| **РМ** | **P2005=100** | 0,46 | 0,92 | 2,06 | 5,35 | 8,07 | 1,28 | 4,83 | 2,92 | 4,96 | 2,64 | 2,31 | -3,24 |
| **Охрид** | **P2005=100** | 1,75 | 2,11 | -3,68 | 0,53 | 0,35 | -7,02 | -8,25 | -6,14 | -1,93 | -4,39 | 2,46 | -16,14 |

Извор: (ДЗС, 2018), сопствени пресметки

Во општина Охрид, бројот на живородени деца бележи четири до пет пати поголем пад од падот во РМ. Имено, бројот на живородени деца во 2017 година бележи пад од 18,15% во однос на 2016, односно 16,14% во однос на 2005 година.

**Анализа по старосни групи.** Анализата на населението по старосни групи е извршено преку утврдување на три старосни групи, и тоа: деца, работоспособно население и стари лица.

Децата ја сочинуваат возрасната група од 0-14 години. Во 2016 година во оваа старосна група имало 8.030 деца, што претставува 15,56% од вкупното население во општина Охрид, но и пад од 15,40% во однос на 2005 година.

ТАБЕЛА 17 НАСЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД СПОРЕД СТАРОСНИ ГРУПИ

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **0-14** | 9492 | 9221 | 8986 | 8815 | 8627 | 8443 | 8254 | 8118 | 8039 | 8013 | 8011 | 8030 |
| **15-64** | 39410 | 39391 | 39476 | 39445 | 39292 | 39170 | 38825 | 38100 | 37305 | 36679 | 36106 | 35665 |
| **65-80+** | 6682 | 6793 | 6862 | 7004 | 7103 | 7145 | 7189 | 7248 | 7390 | 7570 | 7738 | 7924 |
| **непознато** | 9 | 6 | 4 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **0-14** | 17,07 | 16,64 | 16,24 | 15,95 | 15,68 | 15,42 | 15,21 | 15,18 | 15,24 | 15,33 | 15,45 | 15,56 |
| **15-64** | 70,89 | 71,09 | 71,35 | 71,37 | 71,41 | 71,53 | 71,54 | 71,26 | 70,74 | 70,18 | 69,63 | 69,09 |
| **65-85+** | 12,04 | 12,27 | 12,41 | 12,68 | 12,91 | 13,05 | 13,25 | 13,56 | 14,01 | 14,48 | 14,92 | 15,35 |
| **вкупно** | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 |

Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоците од (ДЗС, 2018)

Според методологијата на ДЗС како работоспособно население се смета населението во возрасните групи од 15 до 74 години, но за потребите на оваа анализа посебен акцент се става на населението во возрасните групи од 15 до 64 години, поради фактот дека возрасната група од 65 до 74 години, согласно законската регулатива во Република Македонија, се пензионери. Бројот на работоспособното население во општина Охрид во анализираниот период бележи постојан пад. Во 2016 година, тој изнесува 35.665 лица, вкупното население, односно 69,09% од в што е пад од 9,50% во однос на 2005 година.

Групата на стари лица, односно старосната група над 65 години, за разлика од двете претходни старосни групи, во општина Охрид во анализираниот период бележи постојан раст. Бројот на население во оваа старосна група во 2016 година изнесува 7.924 лица (15,35% од вкупното население), што претставува раст од 18,59% во однос на 2005 година.

# ВРАБОТЕНОСТ

Анализата на вработеноста во општина Охрид е извршена според бројот и структурата по големина на субјект, по дејности и сектори на НКД; по организациона структура и по потекло на капиталот на деловните субјекти.

## АНАЛИЗА ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ

Бројот на просечно вработени по број на работни часови пријавени во завршните сметки на деловните субјекти во општина Охрид во 2016 година изнесува 15.278 лица.

ТАБЕЛА 18 БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ, 2016

| | Микро | Мали | Средни | Големи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | 3141 | 8278 | 2234 | 1625 | 15278 |
| **%** | 20,56 | 54,18 | 14,62 | 10,64 | 100,00 |

Извор: (ЦРМ, 2018), сопствени пресметки

Повеќе од половината од нив се вработени кај мали субјекти (8.278 лица, односно 54,18%), 3.141 лице односно 20,56% во микро субјекти, 2.234 лица, односно 14,62% во средни и 1.625 лица, односно 10,64% во големи субјекти.

ГРАФИКОН 9 СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ГОЛЕМИНА НА ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ



Во првите 25 компании по број на вработени во Охрид во 2016 година, работеле вкупно 4.719 лица, односно во 0,53% од вкупниот број на субјекти биле вработени 30,89% од вкупно вработените.

ТАБЕЛА 19 ТОП 25 СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД СПОРЕД БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ВО 2016

| Р.бр | НАЗИВ | вкупно | % учество во вкупен број |
|---|---|---|---|
| 1. | Јавна здравствена установа ОПШТА БОЛНИЦА Охрид | 485 | 3,17 |
| 2. | ОПШТИНА ОХРИД | 468 | 3,06 |
| 3. | Друштво за производство услуги ЛТХ ЛЕАРНИЦА ДООЕЛ Охрид | 468 | 3,06 |
| 4. | ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија СВЕТИ ЕРАЗМО Охрид | 323 | 2,11 |
| 5. | Акционерско друштво за производство и промет ЖИТО ЛЕБ Охрид | 290 | 1,90 |
| 6. | Јавно претпријатие за комунална дејност ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ Охрид | 252 | 1,65 |
| 7. | Трговско друштво за производство трговија услуги и транспорт МО-ТЕКС увоз-извоз ДООЕЛ | 196 | 1,28 |
| 8. | Трговско друштво за производство,трговија и услуги ВИЕМИ 3 & 3 Охрид ДООЕЛ Охрид | 180 | 1,18 |
| 9. | Друштво за производство, трговија и услуги ПЕ-ВРЕЌИ увоз-извоз ДОО Охрид | 174 | 1,14 |
| 10 | Друштво за хотелиерство,угостителство туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид | 155 | 1,01 |
| 11 | Трговско друштво за производство,трговија и услуги П.Н МЕТАЛ ДОО Охрид | 146 | 0,96 |
| 12 | Јавна здравствена установа ЗДРАВСТВЕН ДОМ Охрид | 144 | 0,94 |
| 13 | ГАЛЕБ Акционерско друштво за внатрешен и меѓународен транспорт, туристички услуги и сервисирање Охрид | 135 | 0,88 |
| 14 | Трговско друштво за градежништво,производство,трговија и услуги - ТОПЛИНА - увоз-извоз ДООЕЛ с.Подмолје, Охрид | 125 | 0,82 |
| 15 | Јавна здравствена организација ЗАВОД ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА Охрид | 119 | 0,78 |
| 16 | Трговско друштво за производство,трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ | 119 | 0,78 |
| 17 | Јавна Општинска установа за деца-Детска градинка ЈАСНА РИСТЕСКА Охрид | 113 | 0,74 |
| 18 | Основно училиште БРАТСТВО ЕДИНСТВО Охрид П.О. | 113 | 0,74 |
| 19 | Трговско друштво за производство, трговија и услуги ТАМАРО МАРКЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Охрид | 112 | 0,73 |
| 20 | Јавно претпријатие за изградба одржување реконструкција на локални патишта и хидротехнички објекти НИСКОГРАДБА ОХРИД Охрид | 110 | 0,72 |
| 21 | Метална индустрија БРАТСТВО ИНОХ ДОО Охрид | 108 | 0,71 |
| 22 | Трговско друштво за трговија и услуги Василески Климе ФИЛИП Охрид ДООЕЛ | 102 | 0,67 |
| 23 | Агенција за обезбедување имоти и лица ПИТОН Охрид ДОО | 99 | 0,65 |
| 24 | ОСНОВЕН СУД ОХРИД Охрид | 94 | 0,62 |
| 25 | Трговско друштво за производство, трговија и услуги Пупалески Кире ЕВРО-ЏИНС Охрид ДООЕЛ | 89 | 0,58 |
| | Вкупно | 4719 | 30,89 |

Извор: (ЦРМ, 2018), сопствени пресметки

Најголем број на вработени имало во Јавната здравствена установа ОПШТА БОЛНИЦА Охрид (485 вработени, односно 3,17% од вкупно вработените), потоа следат ОПШТИНА ОХРИД (468 вработени, односно 3,06% од вкупно вработените), Друштво за производство услуги ЛТХ ЛЕАРНИЦА ДООЕЛ Охрид (исто како и ОПШТИНА ОХРИД, 468 вработени, односно 3,06% од вкупно вработените), ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија СВЕТИ ЕРАЗМО Охрид (323 вработени, односно 2,11% од вкупно вработените), Акционерско друштво за производство и промет ЖИТО ЛЕБ Охрид (290 вработени, односно 1,90% од вкупно вработените) и други.

## АНАЛИЗА ПО ДЕЈНОСТИ И СЕКТОРИ

Од вкупно вработените 15.278 лица, најголем дел односно 10.361 лица (67,82%) се вработени во услужните сектори, додека 4.851 лице, односно 31,75% се вработени во индустријата. Во земјоделството, шумарството и рибарството се вработени 66 лица, односно 0,43% од вкупно вработените. Ваквиот сооднос се среќава и кај анализата на вработените по видови субјекти по големина.

Четири петтини од вкупно вработените во микро субјектите, односно 2.518 лица, се во услужните сектори, додека 604 лица, односно 19,23% се вработени во индустријата. Само 19 лица, односно 0,60% од вкупно вработените во микро субјектите се вработени во земјоделството, шумарството и рибарството.

ТАБЕЛА 20 БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ДЕЈНОСТИ, 2016

| | Микро | | Мал | | Среден | | Гоем | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дејност | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 19 | 0,60 | 47 | 0,57 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 66 | 0,43 |
| Индустрија | 604 | 19,23 | 2916 | 35,23 | 800 | 35,81 | 531 | 32,68 | 4851 | 31,75 |
| Услуги | 2518 | 80,17 | 5315 | 64,21 | 1434 | 64,19 | 1094 | 67,32 | 10361 | 67,82 |
| Вкупно | **3141** | **100,00** | **8278** | **100,00** | **2234** | **100,00** | **1625** | **100,00** | **15278** | **100,00** |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Малите субјектите во услужните сектори вработуваат 5.315 лица, односно 64,21% од вкупно вработените во овие субјекти. Во индустријата се вработени 2.916 лица, односно 35,23%, додека во земјоделството, шумарството и рибарството се вработени 47 лица, односно 0,57% од вкупно вработените кај малите субјекти.

Средните субјектите регистрирани во услужните сектори вработиле 1.434 лица, односно 64,19% од вкупно вработените кај овие субјекти. Во индустријата се вработени 800 лица, односно 32,68%.

Бројот на вработени во услужните дејности доминира и кај големите субјекти. Големите субјекти вработиле 1.094 лица, односно 67,32% од вкупно вработените кај овие субјекти. Во индустријата, големите субјекти вработиле 531 лице, односно 32,68% од вкупно вработените во големите субјекти.

Анализата на структурата на вработеност **по сектори** во општина Охрид во 2016 година, укажува дека во четири од вкупно 21 сектор се вработени 65,89%.

ГРАФИКОН 10 ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствени пресметки според податоци од (ЦРМ, 2018)

Во секторот **Преработувачката индустрија** се вработени најголем дел, и тоа 3.662 лица, односно 23,97%, додека во секторот **Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли** се вработени 2.954 лица односно 19,33%, во секторот **Објекти за сместување и сервисни дејности** 1.816 лица, односно 11,89% и во секторот **Дејности на здравствена и социјална заштита** 1.635 лица, односно 10,70% од вкупно вработените во општина Охрид.

## АНАЛИЗА ПО ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА

Доминантна организациона структура по број на вработени се друштвата со ограничена одговорност основани од едно лице (ДООЕЛ). Имено во ДООЕЛ-ите се вработени 7.898 лица, односно 51,69% од вкупно вработените во општина Охрид во 2016 година. Во организационата форма друштва со ограничена одговорност (ДОО) се вработени 2.101 лице, односно 13,7%, додека во акционерските друштва (АД) се вработени 856 лица, односно 5,6%. Мал дел, односно 132 лица или 0,86% се вработени како трговци-поединци, а во заштитните друштва работаат 210 лица или 1,37% од вкупно вработените. Занаетчии се 59, односно 0,39% од вкупно вработените.

Во здравствените установи, основните училишта и културните установи се вработени 2.463 лица, односно 16,12%, додека во јавните претпријатија, локалната самоуправа и државните органи се вработени 1.091 лице, односно 7,14%. Во групата нотари, извршители и адвокати се вработени 117 лица, односно 0,77% од вкупно вработените.

Здруженијата на граѓани работно вработуваат 54 лица, односно 0,35% од вкупно вработените.

ТАБЕЛА 21 ВРАБОТЕНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА НА РЕГИСТРИРАНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| 2016 | Трговец Поеди. | Заштитни Друштва | Занаетчии | Здруженија | Нотари Извршители Адвокати | Останати | Јавни претприј. Државни органи Општински претприја. | Здравствени установи/ Образовни установи/ Културни установи | ДООЕЛ | ДОО | АД | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | 132 | 210 | 59 | 54 | 117 | 298 | 1091 | 2463 | 7898 | 2101 | 856 | 15279 |
| % | 0,86 | 1,37 | 0,39 | 0,35 | 0,77 | 1,95 | 7,14 | 16,12 | 51,69 | 13,75 | 5,60 | 100,00 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Во ДООЕЛ се вработени најголем дел, и тоа 7.898 лица, односно 51,69% од вкупно вработените во општина Охрид во 2016 година. Во ЗУ/ОУ/КУ се вработени 2.463 лица, односно 16,12%, додека во ДОО се вработени 2.101 лице, односно 13,7%. Во ЈП/ЛС/ДО се вработени 1.091 лице, односно 7,14%, додека во АД се вработени 856 лица, односно 5,6%.

## АНАЛИЗА ПО ПОТЕКЛО НА КАПИТАЛ

Субјектите со домашен капитал вработуваат најголем број од вработените во општина Охрид, и тоа 7.197, односно 47,10%, додека во субјектите со недефинирано потекло на капитал работаат 6.956 лица, односно 45,53% од вкупно вработените.

ТАБЕЛА 22 ВКУПНО ВРАБОТЕНИ ПО СУБЈЕКТИ СПОРЕД ПОТЕКЛО НА КАПИТАЛ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| | Домашна | Странска | Мешовита | Недефинирана | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно** | 7197 | 893 | 233 | 6956 | 15279 |
| **%** | 47,10 | 5,84 | 1,52 | 45,53 | 100 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

Во субјектите со странки капитал се вработени 893 лица, односно 5,84%, додека во субјектите со мешовита сопственост се вработени 233 лица, односно 1,52% од вкупно вработените лица.

# ПРИХОДИ

Анализата на приходите во општина Охрид е извршена според вредноста и структурата по големина на субјект, по дејности и сектори на НКД; по организациона структура и по потекло на капиталот на деловните субјекти.

## ПРИХОДИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ

Деловните субјекти во општина Охрид, според податоците од поднесените завршни сметки, во 2016 година оствариле приходи од 25.563,68 милиони денари.

ГРАФИКОН 11 СТРУКТУРА НА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Повеќе од половина од овие приходи се остварени од страна на малите субјекти (54,03%), додека една четвртина се остварени од средните субјекти (25,94%). Големите субјекти оствариле 13,90%, додека микро субјектите 6,13% од вкупните приходи.

ТАБЕЛА 23 ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО ГОЕМИНА НА СУБЈЕКТ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| | микро | Мал | Сред | Голе | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Милиони денари** | 1567,23 | 13811,16 | 6630,79 | 3554,50 | 25563,68 |
| **%** | 6,13 | 54,03 | 25,94 | 13,90 | 100,00 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

Само 15 од вкупно регистрираните 4309 субјекти остваруваат поединечно повеќе од 1% од вкупните приходи во општина Охрид. Овие субјекти се само 0,35% од вкупниот број на регистрирани субјекти во општина Охрид, а остваруваат дури 35% од приходите во општината. Во нив се вработени 2440 лица што е 16% од вкупниот број вработени во субјекти што се регистрирани на територијата на општина Охрид.

ТАБЕЛА 24 ТОП 15 СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД СПОРЕД ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2016 ГОДИНА

| НАЗИВ | мил.ден. | % во вкупно |
|---|---|---|
| **ОПШТИНА ОХРИД** | 1379,85 | 5,40 |
| **Друштво за производство услуги ЛТХ ЛЕАРНИЦА ДООЕЛ Охрид** | 1270,76 | 4,97 |
| **Трговско друштво за производство,трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ** | 1192,78 | 4,67 |
| **Трговско друштво за производство трговија и услуги НО.МА.МЕТАЛ ДООЕЛ Охрид** | 754,40 | 2,95 |
| **Друштво за производство и трговија АСП-ПАК заштитно друштво ДООЕЛ Охрид** | 561,71 | 2,20 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги МОБИ ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Охрид** | 474,10 | 1,85 |
| **Акционерско друштво за производство и промет ЖИТО ЛЕБ Охрид** | 442,58 | 1,73 |
| **Трговско друштво за производство, трговија и услуги ТАМАРО МАРКЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Охрид** | 439,96 | 1,72 |
| **Трговско друштво за производство,трговија,услуги и сообраќај А.М.ДООЕЛ увоз извоз Охрид** | 376,30 | 1,47 |
| **Градежно трговско услужно друштво ТРИМ увоз-извоз Охрид ДОО** | 375,44 | 1,47 |
| **Трговско друштво за градежништво,производство,трговија и услуги - ТОПЛИНА - увоз-извоз ДООЕЛ с.Подмолје, Охрид** | 367,10 | 1,44 |
| **Трговско друштво за игри на среќа, производство, трговија и услуги МАКТРИКС увоз-извоз ДОО Охрид** | 354,50 | 1,39 |
| **Трговско друштво за производство,трговија и услуги П.Н МЕТАЛ ДОО Охрид** | 319,85 | 1,25 |
| **Јавна здравствена установа ОПШТА БОЛНИЦА Охрид** | 307,72 | 1,20 |
| **Заштитно друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци ОТПАД ДООЕЛ увоз-извоз Охрид** | 289,00 | 1,13 |
| | **8906,05** | **34,84** |

Извор: (ЦРМ, 2018)

Најголем субјект по остварени приходи е ОПШТИНА ОХРИД, која остварува 1.379,85 мил. ден, односно 5,40% од вкупно остварените приходи. Следните два субјекти по учество во вкупните приходи се Друштво за производство услуги ЛТХ ЛЕАРНИЦА ДООЕЛ Охрид (1270,76 мил.ден. односно 4,97%) и Трговско друштво за производство,трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА-СКОПСКО увоз - извоз Косел ДООЕЛ (1192,78 мил.ден., односно 4,67%) .

Најголемо учество во приходите на *Големите 15* имаат пет субјекти од **Преработувачката индустрија** со остварени 3.349,30 мил.ден., односно 37,61%. Потоа следи еден субјект од сектор **Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување** (Општина Охрид со 15,49%), следат три субјекти од сектор **Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли** (14,49%), еден субјект од **Транспорт и складирање** (13,39%), два субјекти од **Градежништво** (8,34%), еден субјект од сектор **Уметност, забава и рекреација** (3,98%), еден субјект од сектор **Дејности на здравствена и социјална заштита** (ЈЗУ 3,98%) и еден субјект од сектор **Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината** (3,24%).

## АНАЛИЗА ПО ДЕЈНОСТИ И СЕКТОРИ

Две третини од приходите во општина Охрид во 2016 година, односно 16.998,46 мил.ден. се остварени во услужните дејности, додека во индустријата се остварени 8.505,61 мил.ден., односно една третина од истите. Во земјоделството, шумарството и рибарството се остварени минимални 59,48 мил.ден., односно 0,23% од вкупните приходи.

ТАБЕЛА 25 ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| Дејност | Микро | | Мал | | Среден | | Голем | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во мил ден. | % | Во мил ден. | % | Во мил ден. | % | Во мил ден. | % | Во мил ден. | % |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 10,95 | 0,70 | 48,53 | 0,35 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 59,48 | 0,23 |
| **Индустрија** | 312,28 | 19,93 | 4096,4 | 29,66 | 2412,29 | 36,38 | 1684,65 | 47,39 | 8505,61 | 33,27 |
| **Услуги** | 1244 | 79,38 | 9666,1 | 69,99 | 4218,51 | 63,62 | 1869,85 | 52,61 | 16998,46 | 66,49 |
| Вкупно | 1567,23 | 100,00 | 13811,03 | 100,00 | 6630,80 | 100,00 | 3554,50 | 100,00 | 25563,55 | 100,00 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Структурата на приходите по дејности остварени по видови субјекти по големина ја следи истата тенденција како и вкупните приходи по дејности.

Микро субјектите во услужните сектори оствариле 1.244,00 мил. ден., односно 79,38% од вкупните приходи остварени од овие субјекти. Во индустријата оствариле 312,28 мил. ден., односно 19,93%, додека во земјоделството, шумарството и рибарството се остварени минимални 10,95 мил. ден., односно 0,70% од вкупните приходи остварени кај микро субјектите.

Малите субјектите во услужните сектори оствариле 9.666,10 мил. ден., односно 69,99% од вкупните приходи остварени од овие субјекти. Во индустријата оствариле4.096,4 мил. ден., односно 29,66%, додека во земјоделството, шумарството и рибарството се остварени минимални 48,53 мил. ден., односно 0,35% од вкупните приходи остварени кај малите субјектите.

И средните субјектите регистрирани во услужните сектори оствариле најголем дел од вкупните приходи. Овие субјекти оствариле 4.218,51 мил. ден., односно 63,62% од вкупните приходи остварени од овие субјекти. Во индустријата оствариле 2412,29 мил. ден., односно 36,38%.

ГРАФИКОН 12 ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД СПОРЕД РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ, 2016




Извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

Приходите од услужни дејности доминираат и кај големите субјекти. Големите субјекти оствариле 1.869,85 мил. ден., односно 52,61% од вкупните приходи остварени од овие субјекти. Во индустријата, истите оствариле 1684,65 мил. ден., односно 47,39% од вкупните приходи остварени од големите субјекти.

Четири **сектори** на дејности се издвојуваат во структурата на приходи остварени во општина Охрид во 2016 година. Доминантен сектор со остварени 7.880,94 мил.ден., односно 30,83% од вкупните приходи, е секторот **Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли**. Следен сектор со учество од 23,58% во вкупните приходи, односно 6.028,59 мил. ден. е **Преработувачка индустрија**. Во секторот **Транспорт и складирање** се остварени 2.306,16 мил. ден., односно 9,02%, додека во секторот **Градежништво** се остварени 2.059,64 мил. ден., односно 8,06% од вкупните приходи.

Горенаведените четири сектори продуцирале 71,49% од вкупните приходи остварени во општина Охрид во 2016 година.

## АНАЛИЗА ПО ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА

Друштвата со ограничена одговорност основани од едно лице (ДООЕЛ) оствариле скоро три петтини (58,10%), додека друштва со ограничена одговорност (ДОО) оствариле 17,65% од вкупните приходи во општина Охрид во 2016 година. Акционерските друштва (АД) оствариле 1.011,12 мил. ден, односно 3,96%, додека трговците - поединци оствариле 178,12 мил. ден или 0,70% од вкупните приходи. Заштитните друштва оствариле 842,05 мил. ден. или 3,29% од вкупните приходи. Занаетчиите оствариле 17,24 мил. ден приход, односно 0,07% од вкупните приходи.

ТАБЕЛА 26 ПРИХОДИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА НА РЕГИСТРИРАНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| 2016 | Трговец Поеди. | Заштитни Друштва | Занаетчии | Здруженија | Нотари Извршители Адвокати | Останати | Јавни претприј. Државни органи Општински претприја. | Здравствени установи/ Образовни установи/ Културни установи | ДООЕЛ | ДОО | АД | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | 178,12 | 842,05 | 17,24 | 93,30 | 151,07 | 196,56 | 1845,38 | 1863,11 | 14852,73 | 4512,98 | 1011,12 | 25563,68 |
| % | 0,70 | 3,29 | 0,07 | 0,36 | 0,59 | 0,77 | 7,22 | 7,29 | 58,10 | 17,65 | 3,96 | 100,00 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Во здравствените установи, основните училишта и културните установи се остварени 1.863,11 мил. ден. односно 7,29%, додека во јавните претпријатија, локалната самоуправа и државните органи 1.845,38 мил. ден, односно 7,22% од вкупните приходи. Нотарите, извршители и адвокати оствариле 151,07 мил. ден, односно 0,59% од вкупните приходи.

Здруженијата на граѓани оствариле 93,30 мил. ден, односно 0,36% од вкупните приходи.

## АНАЛИЗА ПО ПОТЕКЛО НА КАПИТАЛ

Најголем дел од приходите во општина Охрид во 2016 година се остварени од субјекти со домашен капитал (57,69%, односно 14.747,93 мил. ден.), додека субјектите со странски капитал оствариле 7,01%, односно 1.791,49 мил. ден., а субјектите со мешовит капитал оствариле 523,53 мил. ден., односно 2,05% од вкупните приходи.

ТАБЕЛА 27 ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО ПОТЕКЛО НА КАПИТАЛ НА СУБЈЕКТИТЕ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| | Домашен | Странски | Мешовит | Недефиниран | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Милиони денари** | 14747,93 | 1791,49 | 523,53 | 8500,71 | 25563,65 |
| **%** | 57,69 | 7,01 | 2,05 | 33,25 | 100,00 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Субјектите со капитал од недефинирано потекло оствариле 8.500,71 мил. ден., односно 33,25% од вкупните приходи.

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО

Секторот Земјоделство, шумарство и рибарство, како доминантен примарен сектор, има минимално учество во стопанската структура на општина Охрид во 2016 година (0,23% учество на вкупни приходи и 0.43% учество во вкупно вработени), но поради фактот дека истиот е еден од приоритетите за економски развој, од една, и сектор со големи можности за финансиска поддршка, од друга страна, истиот ќе биде детално анализиран во оваа студија.

ТАБЕЛА 28 ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ ПО КАТЕГОРИИ НА КОРИСТЕЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД

| **Охрид хектари** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **Земјоделска површина** | 27847 | 27854 | 27840 |
| **Вкупна обработлива површина** | 6483 | 6520 | 6506 |
| **Ораници и бавчи** | 5850 | 5887 | 5862 |
| **Овоштарници** | 291 | 291 | 302 |
| **Лозја** | 232 | 232 | 232 |
| **Ливади** | 110 | 110 | 110 |
| **Пасишта** | 21364 | 21334 | 21334 |

Извор: (ДЗС, 2018)

Општина Охрид во 2016 година располагала со 27.840 хектари земјоделска површина, при што 21.334 хектари, односно 76,63% се пасишта, додека вкупната обработлива површина изнесува 6.506 хектари, односно 23,37%.

Најголем дел (90,10%) од вкупната обработлива површина отпаѓа на ораници и бавчи, додека на овоштарници отпаѓа 4,64%, на лозја 3,57% и на ливади 1,69%.

Учеството на земјоделската површина што припаѓа на општина Охрид во вкупната земјоделска површина на Република Македонија е 2,20%, што во основа е повисоко од учеството на вкупната површина на општина Охрид во површината на Република Македонија (1,59%).

Споредбената анализа на структурата на земјоделската површина во Република Македонија и во општина Охрид укажува дека учеството на вкупната обработлива површина во вкупната обработлива површина во општина Охрид (23,73%) е забележително помала од просекот во Република Македонија (40,77%).

Вкупната обработлива површина во Охрид претставува само 1,26% од вкупната обработлива површина во Република Македонија, додека пасиштата опфаќаат 2,85% од вкупните пасишта во Република Македонија.

Учеството на вкупната обработлива површина во Охрид по структурата во Република Македонија исто така е многу ниско, и тоа како што следи: ораници и бавчи 1,40%, овоштарници 1,87%, лозја 0,98% и ливади 0,19%.

Во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство во 2016 година биле регистрирани 37 **субјекти**, односно 0.86% од вкупниот број на регистрирани субјекти во општина Охрид. Во структурата по големина на субјект, најголемо учество од 81,08%, имаат микро субјектите, додека малите субјекти опфаќаат 18,92% од вкупно регистрираните во овој сектор.

ГРАФИКОН 13 УЧЕСТВО НА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО СЕКТОРОТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Во секторот биле **вработени** 66 лица, што претставува 0.43% од вкупно вработените во општина Охрид во 2016 година. 29%, односно 19 лица се вработени во микро субјектите, и 71%, односно 47 лица во малите субјекти.

Секторот Земјоделство, шумарство и рибарство остварил 59.476.580,00 денари **приходи**, односно 0,23% од вкупно остварените приходи во општина Охрид во 2016 година.

ГРАФИКОН 14 УЧЕСТВО НА ВРАБОТЕНИ ПО ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО СЕКТОРОТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

ГРАФИКОН 15 ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО СЕКТОРОТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

Микро субјектите оствариле 18%, односно 10.951 илјади денари, додека малите субјекти оствариле 82%, односно 48.526 илјади денари.

Според НКД, во секторот А - Земјоделство, шумарство и рибарство има три оддели и тоа:

1. Оддел 01 Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив,
2. Оддел 02 Шумарство и искористување на шуми и
3. Оддел 03 Рибарство и аквакултура.

## РАСТИТЕЛНО И ЖИВОТИНСКО ПРОИЗВОДСТВО, ЛОВ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ ПОВРЗАНИ СО НИВ

Одделот 01 Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив во 2016 година остварил приходи од 40.943.170,00 денари и вработувал 35 лица.

Во одделот 01 се регистрирани 27 субјекти од кои што 22 се микро и 5 се мали субјекти. Претпријатијата воглавно се регистрирани како ДООЕЛ (22), додека 4 субјекти се регистрирани како ДОО и едно како АД, и се во домашна сопственост. Во 2016 година, 13 микро субјекти не пријавиле приходи.

ГРАФИКОН 16 СТРУКТУРА НА РЕГИСТРИРАНИ СУБЈЕКТИ ВО ОДДЕЛ 1 И 2, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

ГРАФИКОН 17 ВРАБОТЕНИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ ВО ОДДЕЛ 1 И 2, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

Во одделот 01 најголем дел од вработените, 65,71%, односно 23 лица се вработени во малите, и 34,29% односно 12 лица во микро претпријатијата.

Најголем дел од приходите во 2016 година се остварени во малите претпријатија, и тоа 84,33%, додека 15,67% се остварени во микро претпријатијата.

ТАБЕЛА 29 ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ ВО ОДДЕЛ 1, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| Оддел | Микро | Мал | Среден | Голем |
|---|---|---|---|---|
| **01** | 6414974 | 34528196 | / | / |
| **%** | 15,67 | 84,33 | / | / |

Извор: сопствен пресметки врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

Растителното и животинското производство се подеднакво застапени на територијата на општина Охрид. Од вкупните приходи во 2016 година, 51,14% се остварени во растителното, додека 48,86% во животинското производство.

Во 2016 година биле регистрирани 18 субјекти (66,67% од вкупно регистрираните во оддел 01) во растително производство, но само 7 субјекти пријавиле приходи, односно биле активни. Во исто време, 9 субјекти (33,33% од вкупно регистрираните во оддел 01) биле регистрирани за животинско производство, а активни биле 7 субјекти. Односно, по 7 субјекти биле активни во 2016 и во растително и во животинско производство.

ТАБЕЛА 30 ПРИХОДИ И ВРАБОТЕНИ ВО СУБЈЕКТИ ЧИЈА ДЕЈНОСТ Е РАСТИТЕЛНО И ЖИВОТИНСКО ПРОИЗВОДСТВО, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| | приходи | Вкупно вработени | Вработени во активни | Вкупно субјекти | Активни субјекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **растително** | 20939454 | 15 | 14 | 18 | 7 |
| **животинско** | 20003716 | 20 | 18 | 9 | 7 |
| вкупно | **40943170** | **35** | 32 | 27 | 14 |
| % растително | **51,14** | **42,86** | **43,75** | **66,67** | **50,00** |
| % животинско | **48,86** | **57,14** | **56,25** | **33,33** | **50,00** |

Извор: сопствен пресметки врз основа на податоци од (ЦРМ, 2018)

Структурата на вработени не ја следи состојбата со структурата на приходите и бројот на субјекти регистрирани во одделот 01. Имено, во структурата на приходите и бројот на субјекти, поголемо е учеството на растителното во однос на животинското производство, додека во структурата на вработените, поголемо е учеството на животинското (57,14%) во однос на растителното производство (42,86%).

Во **животинското производство** најголемо учество има класата 01.47 Одгледување на живина, каде се регистрирани и активни четири субјекти, и тоа: Трговско друштво за производство,трговија и услуги Силјаноски Љубе АВАНС-ПРОМ ЖИВИНАРСКА ФАРМА ВАПИЛИЦА Вапила Охрид ДООЕЛ, Трговско друштво за производство,трговија и услуги ЛИТА Злате Охрид ДООЕЛ с. Велгошти, Трговско друштво за производство трговија и услуги БАСТУМ Охрид ДООЕЛ И Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ГАЛУС-ФАРМ ДОО Охрид. Овие претпријатија остваруваат 93% од вкупните приходи и вработуваат 65% од вкупно вработените во животинското производство во 2016.

Најголем субјект по остварени приходи и број на вработени е Трговското друштво за производство, трговија и услуги Силјаноски Љубе АВАНС-ПРОМ ЖИВИНАРСКА ФАРМА ВАПИЛИЦА ДООЕЛ - Вапила Охрид. Тоа е мало претпријатие со 9 вработени и промет од 7.343.260,00 денари во 2016 година, односно остварува 37% и вработува 45% од вкупното во животинско производство.

Во структурата на **растителното производство** доминира класата 01.24 Одгледување на јаболчесто и коскесто овошје, каде се регистрирани и активни три субјекти, и тоа: ГРАДИНАР - Друштво за земјоделско производство, преработка и промет увоз-извоз Охрид АД, Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЈАНГЦЕ увоз - извоз

Охрид ДОО и Друштво за земјоделие трговија и услуги АГРО-ТРИЛИНГ увоз - извоз ДООЕЛ Охрид. Овие претпријатија остваруваат 82% од вкупните приходи и вработуваат 67% од вкупно вработените во растителното производство во 2016.

Друштвото за земјоделско производство, преработка и промет увоз - извоз ГРАДИНАР АД - Охрид е најголем субјект по остварени приходи и број на вработени во растителното производство. Тоа е мало претпријатие со 5 вработени и промет од 12.211.777,00 денари во 2016 година, односно остварува 58% и вработува 33% од вкупното во растително производство.

ТАБЕЛА 31 ПОВРШИНИ И ПРОИЗВОДСТВО НА ПОСЕВИ ПО ОПШТИНИ, СПОРЕД НТЕС 2013

| | Вкупно производство во тони | | | | Кг по хектар | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | Охрид | | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | Охрид | |
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| Пченица | 306433 | 200112 | 1074 | 910 | 3838 | 2746 | 3000 | 2600 |
| Рж | 10210 | 8416 | 116 | 110 | 2277 | 2070 | 2100 | 2000 |
| Јачмен | 144832 | 93666 | 220 | 260 | 3507 | 2138 | 2000 | 2000 |
| Овес | 7612 | 5421 | 120 | 120 | 2110 | 1587 | 2000 | 2000 |
| Пченка | 143823 | 120156 | 1650 | 1375 | 4633 | 3840 | 3000 | 2500 |
| Ориз | 24792 | 17080 | - | - | 4919 | 5217 | - | - |
| Тутун | 25443 | 22885 | 5 | 10 | 1554 | 1434 | 1000 | 2000 |
| Сончоглед | 6266 | 6178 | - | - | 1608 | 1536 | - | - |
| Компири | 197138 | 177721 | 1650 | 1650 | 14853 | 13476 | 11000 | 11000 |
| Кромид | 60958 | 56259 | 80 | 80 | 17022 | 15485 | 4000 | 4000 |
| Лук | 4221 | 4214 | 15 | 13 | 4316 | 4450 | 3000 | 2500 |
| Грав-главен посев | 6251 | 4867 | 55 | 50 | 1298 | 1035 | 1100 | 1000 |
| Грашок-зрно | 2227 | 1893 | 16 | 14 | 2209 | 1782 | 800 | 700 |
| Леќа | 110 | 96 | - | - | 1312 | 1119 | - | - |
| Зелка | 139873 | 132821 | 333 | 334 | 30454 | 29522 | 10742 | 10438 |
| Домати | 161951 | 159721 | 132 | 138 | 28899 | 28537 | 4242 | 4313 |
| Пиперки | 181852 | 175100 | 143 | 146 | 20781 | 19615 | 3488 | 3476 |
| Краставици | 53265 | 51532 | 45 | 48 | 50825 | 49789 | 4091 | 4000 |
| Бостан | 139679 | 121168 | - | - | 25653 | 22501 | - | - |
| Детелина | 17720 | 14829 | 60 | 50 | 4757 | 3991 | 3000 | 2500 |
| Луцерка | 111731 | 98083 | 1530 | 1275 | 5707 | 5033 | 3000 | 2500 |
| Граор | 7052 | 6633 | 20 | 15 | 3669 | 3043 | 2000 | 1500 |
| Добиточен грашок | 4210 | 5557 | 20 | 20 | 3360 | 3389 | 2000 | 2000 |
| Крмна пченка | 193708 | 137186 | 25 | 25 | 30371 | 21489 | 2500 | 2500 |
| Добиточна репка | 3596 | 3468 | 120 | 120 | 9293 | 9079 | 4000 | 4000 |

Извор: (ДЗС, 2018)

**Приносите по хектар во производството на посеви** во Охрид, во основа, забележително заостанува зад просечните приноси по хектар остварени во Република Македонија во 2016 и 2017 година. Единствено во производството на овес и тутун во 2017 година е остварен повисок принос во однос на просечниот принос во Република Македонија, но засеаните површини се минимални особено кај тутунот.

За разлика од ниските приноси кај посевите, во 2017 година приносите кај овошките во општина Охрид се генерално повисоки од просекот во Република Македонија.

ТАБЕЛА 32 БРОЈ НА ОВОШНИ СТЕБЛА И ПРОИЗВОДСТВО НА ОВОШЈЕ ПО ОПШТИНИ, СПОРЕД НТЕС 2013

| | Вкупно производство во тони | | | | Кг по стебло | | | | **производство % Ох во РМ** | **принос % ОХ во РМ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | | **Охрид** | | **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | | **Охрид** | | | |
| | **2016** | **2017** | **2016** | **2017** | **2016** | **2017** | **2016** | **2017** | 2017 | 2017 |
| Цреши | 5574 | 4061 | 225 | 203 | 28 | 19 | 50 | 45 | 5,00 | 236,84 |
| Вишни | 8072 | 4408 | 540 | 540 | 9 | 4 | 40 | 40 | 12,25 | 1000,00 |
| Кајсии | 3471 | 3992 | 21 | 21 | 18 | 20 | 15 | 15 | 0,53 | 75,00 |
| Дуњи | 1279 | 1068 | 3 | 3 | 23 | 19 | 25 | 25 | 0,28 | 131,58 |
| Јаболка | 101088 | 43366 | 7050 | 4230 | 26 | 10 | 25 | 15 | 9,75 | 150,00 |
| Круши | 7207 | 5052 | 20 | 16 | 18 | 12 | 25 | 20 | 0,32 | 166,67 |
| Сливи | 33684 | 17880 | 1050 | 900 | 20 | 11 | 35 | 30 | 5,03 | 272,73 |
| Праски | 12108 | 11509 | 525 | 420 | 21 | 19 | 25 | 20 | 3,65 | 105,26 |
| Ореви | 5147 | 2341 | 53 | 30 | 30 | 14 | 35 | 20 | 1,28 | 142,86 |
| Бадеми | 672 | 533 | 0 | 0 | 13 | 11 | 5 | 5 | 0,00 | 45,45 |

Извор: (ДЗС, 2018)

Најголем принос е остварен кај вишните (40 кг по стебло во Охрид и 4 кг по стебло во РМ), потоа следат сливите (30 кг по стебло во Охрид и 11 кг по стебло во РМ), црешите (45 кг по стебло во Охрид и 19 кг по стебло во РМ), крушите (20 кг по стебло во Охрид и 12 кг по стебло во РМ), јаболката (15 кг по стебло во Охрид и 10 кг по стебло во РМ), оревите (20 кг по стебло во Охрид и 14 кг по стебло во РМ) и дуњите (25 кг по стебло во Охрид и 19 кг по стебло во РМ). Најблиску до просечниот републички принос е остварен кај праските (20 кг по стебло во Охрид и 19 кг по стебло во РМ), додека во производството на кајсии (15 кг по стебло во Охрид и 20 кг по стебло во РМ) и бадеми (5 кг по стебло во Охрид и 11 кг по стебло во РМ) остварениот принос е понизок од просечниот републички принос.

## ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО

Одделот 02 Шумарство и искористување на шуми во 2016 година остварил приходи од 100.000,00 денари и вработувал 2 лица.

ГРАФИКОН 18 СТРУКТУРА НА РЕГИСТРИРАНИ СУБЈЕКТИ ВО ОДДЕЛ 1 И 2, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на (ЦРМ, 2018)

ГРАФИКОН 19 СТРУКТУРА НА РЕГИСТРИРАНИ СУБЈЕКТИ ВО ОДДЕЛ 03, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Во одделот 02 се регистрирани 3 субјекти од кои што 2 се микро и 1 е мал субјект. Во 2016 година, само едно микро претпријатие со еден вработен пријавило приходи во износ од 100.000,00денари.

Одделот 03 Рибарство и аквакултура во 2016 година остварил приходи од 18.433.410,00 денари со 29 вработени.

Во одделот 03 се регистрирани 7 субјекти од кои што 6 се микро и 1 е мал субјект. Претпријатијата воглавно се регистрирани како ДООЕЛ (6), и едно како ДОО, и се во домашна сопственост. Во 2016 година, 2 микро субјекти не пријавиле приходи.

ТАБЕЛА 33 ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ ВО ОДДЕЛ 03, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| Оддел | Микро | Мал | Среден | Голем |
|---|---|---|---|---|
| **03** | 4435785 | 13997625 | / | / |
| **%** | 24,06 | 75,94 | / | / |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Најголем дел од приходите во 2016 година се остварени во малите претпријатија, и тоа 76%, додека 24% се остварени во микро претпријатијата.

Најголем субјект по остварени приходи и број на вработени е Друштвото за производство трговија и услуги ПАСТРМКА 2012 ДООЕЛ Охрид. Тоа е мало претпријатие во домашна сопственост што се занимава со риболов во слатководни води (класа 03.12) со 24 вработени и промет од 13.997.625,00 денари во 2016 година, односно остварува 76% и вработува 83% од вкупното во оддел 03.

# ИНДУСТРИЈА, РУДАРСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО

Во групата Индустрија, рударство и градежништво се опфатени пет сектори ха дејности од НКД, и тоа:

- Б - Рударство и вадење на камен
- В - Преработувачка индустрија
- Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
- Д - Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината и
- Ѓ – Градежништво.

ТАБЕЛА 34 БРОЈ НА СУБЈЕКТИ, ВРАБОТЕНИ И ПРИХОДИ ВО ИНДУСТРИЈА, РУДАРСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| сектор | Деловни субјекти | | Вработени | | Приходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | Број | % | мил.ден. | % |
| Б | 2 | 0,28 | 0 | 0,00 | 0,03 | 0,00 |
| В | 459 | 64,65 | 3662 | 75,49 | 6028,59 | 70,88 |
| Г | 6 | 0,85 | 3 | 0,06 | 8,86 | 0,10 |
| Д | 2 | 0,28 | 282 | 5,81 | 408,49 | 4,80 |
| Ѓ | 241 | 33,94 | 904 | 18,64 | 2059,64 | 24,22 |
| ВКУПНО | 710 | 100,00 | 4851 | 100,00 | 8505,58 | 100,00 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Од презентираните податоци во горенаведената табела јасно се уочува дека во групата Индустрија, рударство и градежништво во општина Охрид во 2016 година доминантно учество имаат секторите Преработувачка индустрија и Градежништво.

Во групата Индустрија, рударство и градежништво во општина Охрид во 2016 година се регистрирани 710 субјекти, од кои 505 биле активни, односно вршеле дејност и поднеле завршна сметка. Од вкупно регистрираните субјекти најголем дел се во секторот Преработувачка индустрија (64,65%), по што следи секторот Градежништво (33,94%). Овие субјекти во 2016 година вработувале 4.851 лице од кои 75,49% во секторот Преработувачката индустрија и 18,64% во секторот Градежништво, при што оствариле приход од 8.505,58 мил. ден, од кои што 70,88% во секторот Преработувачката индустрија и 24,22% во секторот Градежништвото.

# ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Анализата на секторот Преработувачка индустрија во општина Охрид е извршена според бројот на деловните субјекти и вработени, како и вредноста на остварените приходи, класифицирани според големина на субјект; по дејности и сектори на НКД; по организациона структура и по потекло на капиталот на деловните субјекти.

Посебен акцент е ставен и на анализата на најзначајните оддели во економската структура на преработувачката индустрија во општина Охрид, и тоа: Производство на прехранбени производи; Производство на облека; Производство на производи од гума и производи од пластични маси; Производство на метали; Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема, и Производство на машини и уреди, неспоменати на друго место.

## БРОЈ И СТРУКТУРА НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ПО ОДДЕЛИ

Во преработувачката индустрија во општина Охрид дејствуваат 459 активни субјекти, регистрирани во 22 од вкупно 24 оддели.

Најголем број на субјекти (69) се регистрирани во одделот 25 *Производство на фабрикувани метални производи, освен машини* (15.03%). Потоа следат одделот 10 *Производство на прехранбени производи* со 66 регистрирани субјекти, одделот 22 *Производство на производи од гума и производи од пластични маси* со 48 регистрирани субјекти, одделот 14 *Производство на облека* со 44, одделот 16 *Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал* со 40 и одделот 32 *Останата производствена индустрија* со 31 регистриран деловен субјект. Во наведените шест сектори се регистрирани околу 2/3 од вкупно регистрираните деловни субјекти во преработувачката индустрија во општина Охрид.

ГРАФИКОН 20 БРОЈ НА СУБЈЕКТИ ПО ОДДЕЛИ ВО СЕКТОРОТ ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, 2016




Извор: сопствени пресметки според податоци од (ЦРМ, 2018)

Анализата на структурата на активните субјекти по критериумот големина на субјектите во преработувачката индустрија покажува дека доминантно е учеството на микро (63.40%) и мали субјекти (35.08%) , додека минорно е учеството на средни (1.09%) и големи субјекти (0.44%).

ГРАФИКОН 21 СТРУКТУРА ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на (ЦРМ, 2018)

Најголем број на субјектите во преработувачката индустрија се организирани како ДООЕЛ (296 или 64.5%), додека 86 субјекти или 18.74 % се регистрирани како занаетчии, 56 или 12.20% како ДОО. Согласно структурата на активните субјекти во преработувачката индустрија според големина, како АД се организирани само 7 субјекти. Како ТП се регистрирани само 2, додека 8 субјекти се регистрирани како заштитни друштва.

ГРАФИКОН 22 СТРУКТУРА ПО ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на (ЦРМ, 2018)

ГРАФИКОН 23 СТРУКТУРА ПО ПОТЕКЛО НА КАПИТАЛ НА СУБЈЕКТИТЕ ОД ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на (ЦРМ, 2018)

Домашната сопственост е доминантен вид на сопственост кај субјектите од преработувачката индустрија во општина Охрид (59.48%).

## ВРАБОТЕНИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Во преработувачката индустрија во општина Охрид во 2016 година биле вработени 3662 лица, односно 24.01% од вкупно вработените во општината.

Најголем дел од вработените во преработувачката индустрија во општина Охрид се вработени во мали претпријатија (58,90%), додека 17,20% се вработени во средни претпријатија, 12.94% во големи и 10.95% во микро претпријатија

ГРАФИКОН 24 ВРАБОТЕНИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ, ОПШТИНА ОХРИД 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на (ЦРМ, 2018)

Скоро 4/5 од вкупно вработените во преработувачката индустрија во општина Охрид се во одделите: оддел 14 *Производство на облека* (22.09%), оддел 10 *Производство на прехранбени производи* (17.34%), оддел 24 *Производство на метали* (12.78%), оддел 22 *Производство на производи од гума и производи од пластични маси* (11.33%), оддел 25 *Производство на фабрикувани метални производи, освен машини* (9.42%) и оддел 28 *Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место* (6.42%).

ГРАФИКОН 25 ВРАБОТЕНИ ПО ОДДЕЛЛИ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Извор: сопствен приказ врз основа на (ЦРМ, 2018)

Во најфреквентната организациона форма на субјектите – ДООЕЛ, работаат најголем дел од вработените во преработувачката индустрија во Охрид (62.07%). Во ДОО работаат 20.70%, во АД 11.22%, во заштитните друштва 5.13%, а во трговци поединци 0.14% и занаетчии 0.74% од вработените во преработувачката индустрија во општина Охрид.

ГРАФИКОН 26 СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОХРИД, 2016




ГРАФИКОН 27 СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ПО СОПСТВЕНОСТ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОХРИД, 2016




Најголем дел од вработените во преработувачката индустрија во општина Охрид во 2016 година работеле во субјекти со домашна сопственост, додека 20.92% работеле во субјекти со странска сопственост. Само 4.70% работеле во субјекти со мешовита сопственост.

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Преработувачката индустрија во општина Охрид во 2016 година, остварила 6.028.586.862 денари вкупни приходи. Скоро половина од приходите се остварени од страна на мали субјекти (49.91%), 26.21% од средни, 21.23% од големи и 2.66% од микро субјекти.

ГРАФИКОН 28 ПРИХОДИ ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ОХРИД, 2016



Повеќе од 80% од вкупно остварените приходи во преработувачката индустрија во општина Охрид се остваруваат во пет оддели, и тоа: оддел 24 *Производство на метали* (21.08%), оддел 25 *Производство на фабрикувани метални производи, освен машини* (20.10%), оддел 22 *Производство на производи од гума и производи од пластични маси* (14.56%), оддел 10 *Производство на прехранбени производи* (13.28%) и оддел 28 *Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место* (11.43%).

ГРАФИКОН 29 ПРИХОДИ ПО ОДДЕЛИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Скоро половина од приходите остварени во преработувачката индустрија се во субјекти кои се во домашна сопственост (45.26%), додека 23.91% од приходите се остварени во субјекти кои се во странска сопственост. Само 7.61% од приходите се остварени во субјекти кои се во мешовита сопственост.

ГРАФИКОН 30 ПРИХОДИ ПО СОПСТВЕНОСТ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОХРИД, 2016




ГРАФИКОН 31 ПРИХОДИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА ФОРМА НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ОХРИД, 2016




Најголем дел од приходите се остварени преку ДООЕЛ (56.80%), додека 20.65% во ДОО. Во заштитните друштва се остварени 12.99% од приходите, а во АД 9.38%.

## ПРОИЗВОДСТВО НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Одделот 10 Производство на прехранбени производи во 2016 година остварил приходи од 800.542.034,00 денари и вработувал 635 лица.

ГРАФИКОН 32 СТРУКТУРА НА СУБЈЕКТИ ПО ГОЛЕМИНА ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Во одделот 10 се регистрирани 66 субјекти од кои што најголем дел, односно 62,12% се микро субјекти, додека мали субјекти се 36,36%. Во 2016 година, само 48 од вкупно 66 субјекти пријавиле приходи. Во одделот е регистрирано едно средно претпријатие (Акционерско друштво за производство и промет ЖИТО ЛЕБ Охрид) кое што остварува половина од вкупните приходи и вработува половина од вработените во одделот. Средното претпријатие е организирано како акционерско друштво, додека микро и

малите претпријатија воглавно се регистрирани како ДОО и ДООЕЛ. Најголем дел од останатата половина вработени во одделот 10 се вработени во ДООЕЛ (228) и во ДОО (64). 44 вработени се во заштитни претпријатија.

Субјектите (48) што пријавиле приходи во 2016 година во одделот 10 се во домашна сопственост.

30 субјекти се во дејност 10.71 Производство на леб; слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити (кекси), кои остваруваат 73.4% од вкупните приходи и вработуваат 76.7% од вкупно вработените во одделот. Жито леб остварува 75.4% од приходите и вработува 59.5% во 10.71.

Шест субјекти од одделот 10.89 Производство на останати прехранбени производи, неспоменати на друго место, оствариле 13.1% од вкупните приходи а вработуваат 10.6% од вкупно вработените. ПАНОРАМА – 70% од приходите и 43% од вработените во 10.89.

Субјектите (Словин Билјана и Словин Тех-мех) во одделот 10.32 Производство на сокови од овошје и зеленчук оствариле 6.7% од вкупните приходи и вработуваат 3.9% од вкупно вработените.

## ПРОИЗВОДСТВО НА ОБЛЕКА

Одделот 14 Производство на облека во 2016 година остварил приходи од 353.291.452,00 денари и вработувал 808 лица.

Во одделот 14 се регистрирани 44 субјекти од кои што 63,64% се микро а 36,36% се мали. Во 2016 година, само 23 од вкупно 44 субјекти пријавиле приходи.

ГРАФИКОН 33 СТРУКТУРА ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТИТЕ РЕГИСТРИРАНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОБЛЕКА, ОПШТИНА ОХРИД, 2016



Претпријатијата воглавно се регистрирани како ДООЕЛ. Во одделот 14 најголем дел од вработените, односно 771 се во мали претпријатија, додека 38 се во микро претпријатија.

Од субјектите (23) што пријавиле приходи во 2016 година во одделот 14, три се во странска сопственост.

19 субјекти во класа 14.31 Производство на друга горна облека во 2016 пријавиле приходи, оствариле 96% од вкупните приходи и вработуваат 97.6% од вкупно вработените во 14.13. Од 19 субјекти, 2 се со странски капитал.

Четирите најголеми претпријатија во класата 14.13 оствариле 72.8% од приходите а вработуваат 69.6% од вработените во класата.

## ПРОИЗВОДСТВО НА ПРОИЗВОДИ ОД ГУМА И ПРОИЗВОДИ ОД ПЛАСТИЧНИ МАСИ

Одделот 22 Производство на производи од гума и производи од пластични маси во 2016 година остварил приходи од 877.805.680,00 денари и вработувал 415лица.

ГРАФИКОН 34 СТРУКТУРА ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ЗА ПРОИЗВОДСВО НА ПРОИЗВОДИ ОД ГУМА И ПЛАСТИЧНИ МАСИ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Во одделот 22 се регистрирани 48 субјекти од кои што 36, односно 66,67% се микро, 15, односно 31,25% се мали, додека само 1, односно 2,08% се средни претпријатија. Во 2016 година, само 39 од вкупно 48 субјекти пријавиле приходи. Претпријатијата воглавно се регистрирани како ДООЕЛ, и се во домашна сопственост.

Во одделот 22 најголем дел од вработените, односно 314 се во мали претпријатија, 71 се во средни, додека 30 се во микро претпријатија.

ТАБЕЛА 35 ПРИХОДИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА РЕГИСТРИРАНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПЛАСТИКА И ГУМИ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| | микро | мал | Сред | Голе | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Денари** | 19478087 | 296613880 | 561713713 | 0 | 877805680 |
| **%** | 2,22 | 33,79 | 63,99 | | |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од: (ЦРМ, 2018)

Најголем дел од приходите во 2016 година се остварени во средното претпријатие, и тоа 63,99%, додека 33,79% се остварени во мали и 2,22% во микро претпријатија.

Друштвото за производство и трговија АСП-ПАК – Охрид е организирано како заштитно друштво, ДООЕЛ и има 74 вработени, односно 17% од вкупно вработените во оддел 22, а остварува 64% од вкупните приходи во оддел 22.

## ПРОИЗВОДСТВО НА МЕТАЛИ

Одделот 24 Производство на метали во 2016 година остварил приходи од 1.270.757.771,00 денари и вработувал 468 лица.

Во одделот 24 се регистрирани 2 субјекти од кои што еден микро и еден голем субјект, при што во 2016, само големиот субјект пријавил приходи.

Податоците за оддел 24 се однесуваат на Друштвото за производство услуги ЛТХ ЛЕАРНИЦА ДООЕЛ Охрид што е во странска сопственост и е регистрирано во класата 24.54 Леење на други обоени метали.

## ПРОИЗВОДСТВО НА ФАБРИКУВАНИ МЕТАЛНИ ПРОИЗВОДИ, ОСВЕН МАШИНИ И ОПРЕМА

Одделот 25 Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема во 2016 година остварил приходи од 1.211.792.539,00 денари и вработувал 345лица.

Во одделот 25 се регистрирани 69 субјекти од кои што 42, односно 61% се микро; 25, односно 36% се мали; додека само по 1 субјект се регистрирани како средно и големо претпријатие. Во 2016 година, 23 не пријавиле приходи. Претпријатијата воглавно се регистрирани како ДООЕЛ, и се во домашна сопственост.

ТАБЕЛА 36 СТРУКТУРА ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТИ ОД ОДДЕЛ 25, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Во одделот 25 најголем дел од вработените, 53%, односно 183 лица се вработени во мали претпријатија; 31%, односно 108 лица во средното, 14% односно 48 лица во микро претпријатија, додека 2%, односно 6 лица се вработени во големото претпријатие.

Најголем дел од приходите во 2016 година се остварени во малите претпријатија, и тоа 87%, 11% во средното претпријатие, 2% во микро и 1% во големото претпријатие.

ТАБЕЛА 37 ПРИХОДИ И ВРАБОТЕНИ ВО СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОДДЕЛ 25, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| | Микро | Мал | Среден | Голем |
|---|---|---|---|---|
| **Вработени** | 48 | 183 | 108 | 6 |
| **%** | 13,91 | 53,04 | 31,30 | 1,74 |
| **Приходи (ден)** | 23468990 | 1048716522 | 130591955 | 9015072 |
| **%** | 1,94 | 86,54 | 10,78 | 0,74 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Трговското друштво за производство, промет и инженеринг Поповски Ацо ДИПО - Охрид како голем субјект е ДООЕЛ регистриран во класата 25.62 Општи машински работи, и во 2016 година со 6 вработени остварило 9.015.072,00 ден приходи.

Метална индустрија БРАТСТВО ИНОХ ДОО – Охрид како среден субјект е во домашна сопственост и е регистриран во класата 25.99 Производство на други фабрикувани метални производи, неспомнати на друго место. Во 2016 година, со 108 вработени, остварила 130.591.955ден приходи.

Во групата на мали субјекти се издвојуваат две компании, и тоа: Трговско друштво за производство трговија и услуги НО.МА.МЕТАЛ ДООЕЛ - Охрид и Трговско друштво за производство, трговија и услуги Кузманоски Милчо МИЛКУЗ ДООЕЛ - Охрид.

Трговското друштво за производство, трговија и услуги НО.МА.МЕТАЛ ДООЕЛ Охрид, субјект во домашна сопственост е регистрирано во класата 25.99 Производство на други фабрикувани метални производи, неспомнати на друго место. Во 2016 година, вработувало 6 лица и остварило приход од 754.402.068,00ден.

Трговското друштво за производство, трговија и услуги Кузманоски Милчо МИЛКУЗ ДООЕЛ - Охрид делува во класата 25.21 Производство на радијатори и котли за централно греење, и во 2016 година со 50 вработени остварило приходи во износ од 112.155.339,00 ден.

Осум компании од групата на микро субјекти во 2016 година со 50% од вработените во микро субјектите во одделот 25, оствариле 68% од вкупните приходи пријавени од микро субјектите во одделот 25.

## ПРОИЗВОДСТВО НА МАШИНИ И УРЕДИ, НЕСПОМЕНАТИ НА ДРУГО МЕСТО

Одделот 28 Производство на машини и уреди, неспоменати на друго место во 2016 година остварил приходи од 688.986.097,00 денари и вработувал 235лица.

ТАБЕЛА 38 СТРУКТУРА ПО ГОЛЕМИНА НА СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОДДЕЛ 28, ОПШТИНА ОХРИД, 2016




Во одделот 28 се регистрирани 11 субјекти од кои што по 5 се микро и мали субјекти, и еден среден субјект. Во 2016 година, 2 микро субјекти не пријавиле приходи. Претпријатијата воглавно се регистрирани како ДООЕЛ и ДОО, и се во домашна, странска и мешовита сопственост.

ТАБЕЛА 39 ВРАБОТЕНИ И ПРИХОДИ ВО СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ОДДЕЛ 28, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| | микро | мал | среден | голем |
|---|---|---|---|---|
| **Вработени** | 6 | 83 | 146 | / |
| **%** | 2,55 | 35,32 | 62,13 | / |
| **Приходи (ден)** | 5014565 | 364123251 | 319848281 | / |
| **%** | 0,73 | 52,85 | 46,42 | / |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Во одделот 28 најголем дел од вработените, 62%, односно 146 лица се вработени во средното претпријатие; 35%, односно 83 лица во малите, и 3% односно 6 лица во микро претпријатијата.

Најголем дел од приходите во 2016 година се остварени во малите претпријатија, и тоа 53%, 46% во средното претпријатие, 1% во микро претпријатијата.

Во структурата на Одделот 28 доминира класата 28.21 Производство на печки и горилници. Во оваа класа во 2016 година биле активни 4 субјекти (еден среден и три мали субјекти). Остварени се 89% од приходите во Одделот 28, а вработени биле 91% од вкупно вработените во Одделот 28.

*Трговско друштво за производство, трговија и услуги П.Н МЕТАЛ ДОО - Охрид*, како субјект од средна големина во одделот 28, е во мешовита (домашна и странска) сопственост и е регистрирано во класата 28.21 Производство на печки и горилници. Во 2016 година, со 146 вработени (62% од вкупно вработените во оддел 28) оствариле приход од 319.848.281,00ден. (46% од вкупните приходи во оддел 28).

## ГРАДЕЖНИШТВО

Секторот Градежништво е четврти според бројот на остварени приходи, петти според вработувањата и седми според бројот на регистрирани деловни субјекти во општина Охрид во 2016 година. Во овој сектор се регистрирани 241 деловни субјекти или 5.6% од вкупниот број деловни субјекти во општина Охрид. Истите оствариле приходи од 2059643325 денари, што е речиси 8.1% од вкупно остварените приходи во општината и вработуваат близу 6% од вкупниот број на вработени во Општина Охрид. Најголем дел од субјектите се со домашна или недефинирана сопственост на капиталот и се регистрирани како ДООЕЛ и ДОО. Има едно јавно претпријатие (ЈП Нискоградба) кое

вработува 12.2% од вкупните вработени во овој стопански сектор, а учествува со 2,7% во вкупните приходи во секторот.

Најголем дел од деловните субјекти (98.4%) во овој сектор независно дали имаат или немаат деловна активност се регистрирани како микро (77.2%) и мали (21.2%) претпријатија. Само 2 од нив кои се водат како средни претпријатија, од кои едното подоминантно и, остваруваат повеќе од 1/4 од вкупните приходи во секторот (26.4%), а вработуваат 15.5% од вкупниот број на вработени. Двете големи претпријатија во овој сектор, од кои едното е подоминантно учествуваат со близу 1/5 од вкупните приходи во секторот (19.6%) и вработуваат 6.3% од вкупниот број на вработени.  Интересно е што најголем број од деловните субјекти (77.2%) се водат како микро претпријатија, а во нив се вработени само 22.2% од вкупниот број на вработени во овој сектор и учествуваат со само 7..3% од вкупно остварените приходи во секторот. Најголем дел од приходите во овој сектор ги остваруваат малите претпријатија кои учествуваат со 46.7% од приходите во секторот и вработуваат 56% од вкупниот број на вработени во овој стопански сектор во Општина Охрид. Кај малите претпријатија е карактеристично што имаат едно јавно претпријатие (ЈП Нискоградба) и три приватни што се подоминантно во однос на остварените приходи и вработувања во споредба со останатите мали претпријатие. Така, овие четири претпријатија учествуваат со речиси 1/3 од приходите на малите претпријатија и вработуваат речиси 1/2 од вработените во малите претпријатија во овој сектор.

ТАБЕЛА 40  ПРИХОДИ И ВРАБОТЕНИ ПО ОДДЕЛИ ВО СЕКТОРОТ - ГРАДЕЖНИШТВО, 2016

| **СЕКТОР** | **Приходи** | | **Вработени** | |
|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | % | ВКУПНО | % |
| **Ѓ – Градежништво** | 2059643325 | 100% | 904 | 100% |
| **41. Изградба на згради** | 1023264663 | 49.7 | 224 | 24.8 |
| **42. Нискоградба** | 163753251 | 8.0 | 176 | 19.5 |
| **43. С**пецијални градежни дејности | 872625411 | 42.4 | 504 | 55.8 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Анализата по оддели покажува дека најголем дел од приходите во овој сектор се остваруваат во одделот изградба на згради 49.7% кој вработува пак само ¼ од вработените. Одделот специјални градежни работи што е тесно поврзан со активностите на првиот оддел остварува 42.4% од вкупните приходи во секторот и вработува повеќе од половината (55.8%) во овој стопански сектор. Во одделот нискоградба се реализираат

само 8% од приходите и 19.5% од вработувањата, од кои најголем дел ги прави ЈП Нискоградба.

За да имаме пореална слика за субјектите што се активни во овој сектор направена е дескриптивна статистика на податоците од централен регистар за остварените приходи во 2016 година на субјектите што се регистрирани во одделите од 41 до 43. За да биде статистичката анализа поверодостојна, од анализата се иземени деловните субјекти што не оствариле приходи во анализираната година. Истражувањето покажа дека дури 28.2% од сите деловни субјекти во овој стопански сектор не прикажале никаква деловна активност, додека приходи покажале 71.8% од претпријатијата во овој сектор.

Во просек, активните деловни субјекти во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат близу 12 милиони денари годишни приходи. Сепак ако се земе во вид вредноста на медијаната, може да се заклучи дека повеќе од половината активни субјекти остваруваат годишни приходи под 900 илјади денари што е далеку од просекот во овој стопански сектор. Исклучително високите вредности на стандардната грешка и стандардната девијација покажуваат постоење на екстремни вредности, односно дека многу мал дел од субјектите во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат повисоки приходи. Ова може да се види и од разликата во приходи помеѓу субјектите со најмалку и најмногу остварени приходи која е поголема од 3,7 милиони денари.

Со помош на индексите Skewness и Kurtosis можеме да се определи обликот на дистрибуцијата и во колкав обем истиот отстапува од нормалната дистрибуција. Така, вредностите на овие индекси покажуваат дека повеќето од вредностите се на левата страна од дистрибуцијата што значи дека поекстремни вредности има на десната страна (Skewness > 0). Вредноста 6.7 на Skewness индексот покажува голема накривеност на дистрибуцијата што значи дека најголемиот дел од активните деловни субјекти остваруваат помали годишни приходи дури и од просечните приходи по субјект во овој стопански сектор. Анализата покажа дека само 11,2% од регистрираните деловни субјкти од овој сектор во општина Охрид или 15.6% од активните, оствариле годишни приходи над просечните во овој стопански сектор. Исклучително високата вредноста на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 52.1) покажува дека постои голема можност за екстремни вредности, со што повторно се потврдува постоење на помал број на субјекти со значително поголеми приходи од останатите субјекти што се активни во овој стопански сектор. Истражувањето покажува дека има 4 деловни субјекти (2 средни, 1 големо и само 1 мало) што оствариле повеќе од 100 милиони денари годишно што ги објаснува добиените резултати со дескриптивната статистика.

ТАБЕЛА 41 ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА ЗА СЕКТОР Ѓ - ГРАДЕЖНИШТВО

| | *за остварени приходи* | *за вработени* |
|---|---|---|
| **Mean** | 11905452.75 | 5.184971 |
| **Standard Error** | 3343604.361 | 1.073957 |
| **Median** | 898463 | 2 |
| **Mode** | 181000 | 1 |
| **Standard Deviation** | 43978249.07 | 14.1257 |
| **Sample Variance** | 1.93409E+15 | 199.5354 |
| **Kurtosis** | 52.14221416 | 47.69819 |
| **Skewness** | 6.863449184 | 6.465654 |
| **Range** | 375440160 | 125 |
| **Minimum** | 5 | 0 |
| **Maximum** | 375440165 | 125 |
| **Sum** | 2059643325 | 897 |
| **Count** | 173 | 173 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Дескриптивната статистика за вработените во деловните субјекти од овој стопански сектор е исто така направена само за субјектите што покажале деловна активност. Во просек, секој деловен субјект во овој сектор во општина Охрид има по 5,2 вработени. Сепак, ако ги земеме во вид вредностите на медијаната и на модата, може да се види дека најголем дел од деловните субјекти имаат по еден вработен (mode = 1), а повеќе од половината активни деловни субјекти имаат по двајца или помалку вработени (median = 2). Високата вредност на стандардната девијација покажува дека постојат високи екстремни вредности, односно деловни субјекти што имаат поголеми отстапувања во вработувањата од просечниот број на вработени по субјект.

Високата вредност на Skewness и Kurtosis индексите исто така го потврдуваат постоењето на екстремни вредности. Вредноста на индексот на накривеност е поголема од 6 што значи дека најголемиот дел од деловните субјекти во овој стопански сектор имаат помал број вработени, додека само помал дел од активните деловни субјекти се со поголем број на вработени од просекот. Анализата покажа дека само 11.2% од вкупниот број на деловни субјекти во овој сектор имаат повеќе вработени од просекот, додека сите останати имаат по 5 или помалку вработени. Исклучително високата вредност на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 47.7) покажува постоење на помал број на субјекти со значително поголеми број на вработени од останатите субјекти што се активни во овој стопански сектор. Истражувањето покажува дека 20 деловни субјекти имаат над 10 вработени, 6 имаат помеѓу 20 и 50 и само 2 деловни субјекти во овој стопански сектор, од кои едното е јавно претпријатие имаат повеќе од 100 вработени.

ТАБЕЛА 42 ПРОСЕЧНА МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ВО СЕКТОРОТ ГРАДЕЖНИШТВО

| ѓ | M01 | M02 | M03 | M04 | M05 | M06 | M07 | M08 | M09 | M10 | M11 | M12 | **просек** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 20095 | 20744 | 20971 | 21347 | 21391 | 21474 | 21518 | 21424 | 21252 | 21568 | 21185 | 21439 | 21201 |
| 2017 | 18926 | 19853 | 20200 | 20994 | 21828 | 20928 | 20794 | 20991 | 21451 | 21822 | 21181 | 20691 | 20805 |

Извор: (ДЗС, 2018)

Просечната плата во овој стопански сектор на национално ниво во 2016 година изнесувала 21201 денари додека во 2017 година истата дури и се намалила и изнесувала 20805 денари.

Според пресметките направени врз основа на податоците од Државниот завод за статистика (ДЗС, 2018), индикативно е тоа што речиси една половина од вработените земаат под 16000 денари, а дури 3/4 од вработените во овој стопански сектор земаат помала плата од просечната во секторот. Само ¼ од вработените земаат над просекот во овој стопански сектор. Може да се заклучи дека овој Градежништвото е еден од послабоплатените стопански сектори што исто така влијае на намалената куповна сила на населението во општината.

# УСЛУГИ

Услужните дејности во општина Охрид имаат значително учество во вкупните приходи и во вкупниот број на вработени во општината. Согласно податоците од ЦРРМ за 2016 година, повеќе од 4/5 од деловните субјекти во општина Охрид се регистрирани токму во услужните дејности. Истите оствариле вкупни приходи од 16998,5 милиони денари што е 66,5% од вкупните приходи што ги оствариле субјектите регистрирани во општина Охрид. Овие субјекти вработуваат близу 68% од вкупниот број на вработени во општина Охрид. Токму заради ова, услужните дејности се најзначајни за економијата на општина Охрид.

Пресметките покажуваат дека најголемо учество во приходите на услужните дејности има секторот Трговијата на големо и мало кој учествува со 46,36% во вкупните приходи на услужните дејности. Високо учество имаат субјектите од секторот транспорт и складирање 13.57% додека со нешто над 9% учествуваат објектите за сместување и исхрана и субјектите од јавната управа.

Анализата на приходите што ги остваруваат субјектите во услужната дејност покажува дека големо учество во вкупните приходи (21.5%) на општината, јавните и државните претпријатија . Овие субјекти кои не се дел од бизнис секторот вработуваат и најголем број лица што се ангажирани во услужната дејност. Направените пресметки покажуваат дека дури 1/3 од вработените во услужните дејности отпаѓаат на општински, јавни и државни субјекти, а 2/3 се вработени во бизнис секторот.

## ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО, ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ

Секторот трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли е доминантен стопански сектор во општина Охрид според износот на остварени приходи во 2016 година. Во овој сектор се регистрирани 1190 деловни субјекти или 28% од вкупниот број деловни субјекти во општина Охрид. Најголем дел од

нив се во домашна и недефинирана сопственост и се регистрирани како ДООЕЛ, ДОО или трговски трговски претпријатија. Истите оствариле приходи од 7880941859 денари, што е речиси 1/3 (30,8%) од вкупно остварените приходи во општината и вработуваат близу 1/5 (19,4%) од вкупниот број на вработени во Општина Охрид. Сите деловни субјекти во овој сектор независно дали имаат или немаат деловна активност се регистрирани како микро, мали и средни претпријатија. Само 6 од нив кои се водат како средни претпријатија остваруваат 22% од вкупните приходи во секторот, а вработуваат 10% од вкупниот број на вработени. Интересно е што најголем број од деловните субјекти (71%) се водат како микро претпријатија, а во нив се вработени само 32% од вкупниот број на вработени во овој сектор и учествуваат со само 7% од вкупно остварените приходи во секторот. Најголем дел од приходите во овој сектор ги остваруваат малите претпријатија кои учествуваат со 71% од приходите во секторот и вработуваат 58% од вкупниот број на вработени во овој стопански сектор во Општина Охрид.

ТАБЕЛА 43 ПРИХОДИ И ВРАБОТЕНИ ВО СЕКТОРОТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО, ТРГОВИЈА НА МАЛО И ТРГОВИЈА СО МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ

| Сектор / оддел | Приходи | | Вработени | |
|---|---|---|---|---|
| | денари | % | број | % |
| **Трговија на големо и мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли** | 404108007 | 5.1 | 207 | 7.0 |
| **Трговија на големо** | 2851751540 | 36.2 | 542 | 18.3 |
| **Тровија на мало** | 4625082312 | 58.7 | 2205 | 74.6 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Анализата по оддели покажува дека најголем дел од приходите во овој сектор (58,7%) се остваруваат во одделот трговија на мало каде се вработени ¾ од вкупниот број на вработени во секторот. Одделот трговија на големо учествува со 36,2% од вкупните приходи и со 18,3% од вкупниот број вработени во овој сектор. Најмалку вработени и приходи во овој сектор се остваруваат во одделот Трговија на големо и мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли со 5% и 7% респективно.

За да имаме пореална слика за субјектите што се активни во овој сектор направена е дескриптивна статистика на податоците од централен регистар за остварените приходи во 2016 година на субјектите што се регистрирани во одделите од 45 до 47. За да биде статистичката анализа поверодостојна, од анализата се изземени деловните субјекти

што не оствариле приходи во анализираната година. Истражувањето покажа дека дури 30% од сите деловни субјекти во овој стопански сектор не прикажале никаква деловна активност, додека приходи покажале 70% од претпријатијата во овој оддел.

Во просек, активните деловни субјекти во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат близу 9,5 милиони денари годишни приходи. Сепак ако се земе во вид вредноста на медијаната, може да се заклучи дека повеќе од половината активни субјекти остваруваат годишни приходи под 1,5 милиони денари. Високите вредности на стандардната грешка и стандардната девијација покажуваат постоење на екстремни вредности, односно дека помал дел од субјектите во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат повисоки приходи. Ова може да се види и од разликата во приходи од 474100918 денари помеѓу субјектите со најмалку (1 денар) и најмногу остварени приходи (474100919) денари.

ТАБЕЛА 44 ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА ЗА СЕКТОР Е (ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО, МАЛО И ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

| | *за остварени приходи* | *за вработени* |
|---|---|---|
| **Mean** | 9.460.914,597 | 3.531812725 |
| **Standard Error** | 1124212.544 | 0.223428007 |
| **Median** | 1352819 | 2 |
| **Mode** | 310530 | 2 |
| **Standard Deviation** | 32446729.45 | 6.448520903 |
| **Sample Variance** | 1.05279E+15 | 41.58342183 |
| **Kurtosis** | 110.2551624 | 108.3186617 |
| **Skewness** | 9.280630851 | 8.341912027 |
| **Range** | 474100918 | 112 |
| **Minimum** | 1 | 0 |
| **Maximum** | 474100919 | 112 |
| **Sum** | 7.880.941.859 | 2942 |
| **Count** | 833 | 833 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Со помош на индексите Skewness и Kurtosis можеме да се определи обликот на дистрибуцијата и во колкав обем истиот отстапува од нормалната дистрибуција. Така, вредностите на овие индекси покажуваат дека повеќето од вредностите се на левата страна од дистрибуцијата што значи дека поекстремни вредности има на десната страна (Skewness > 0). Вредноста 9 на Skewness индексот покажува голема накривеност на дистрибуцијата што значи дека најголемиот дел од активните деловни субјекти

остваруваат помали годишни приходи дури и од просечните приходи по субјект во овој стопански сектор. Анализата покажа дека помалку од 150 субјекти во општина Охрид оствариле годишни приходи над просечните во овој стопански сектор. Исклучително високата вредноста на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 110) покажува дека постои голема можност за екстремни вредности, со што повторно се потврдува постоење на помал број на субјекти со значително поголеми приходи од останатите субјекти што се активни во овој стопански сектор. Истражувањето покажува дека само 12 деловни субјекти оствариле повеќе од 100 милиони денари годишно што ги објаснува добиените резултати со дескриптивната статистика.

Дескриптивната статистика за вработените во деловните субјекти од овој стопански сектор е исто така направена само за субјектите што покажале деловна активност. Во просек, секој деловен субјект во овој сектор во општина Охрид има по 3,5 вработени. Сепак, ако ги земеме во вид вредностите на медијаната и на модата, може да се види дека најголем дел од деловните субјекти имаат по двајца вработени (mode = 2), а повеќе од половината активни деловни субјекти имаат по двајца или помалку вработени (median = 2). Високата вредност на стандардната девијација покажува дека постојат екстремни вредности, односно деловни субјекти што имаат поголеми отстапувања во вработувањата од просечниот број на вработени по субјект.

Високата вредност на Skewness и Kurtosis индексите исто така го потврдуваат постоењето на екстремни вредности. Вредноста на индексот на накривеност е поголема од 8 што значи дека најголемиот дел од деловните субјекти во овој стопански сектор имаат помал број вработени, додека само помал дел од активните деловни субјекти се со поголем број на вработени од просекот. Анализата покажа дека само 186 деловни субјекти имаат повеќе вработени од просекот, додека сите останати имаат по 3 или помалку вработени. Исклучително високата вредност на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 108) покажува дека постои голема можност за екстремни вредности, со што повторно се потврдува постоење на помал број на субјекти со значително поголеми број на вработени од останатите субјекти што се активни во овој стопански сектор. Истражувањето покажува дека помалку од 50 деловни субјекти имаат над 10 вработени, а само 16 над 20 вработени. Над 50 вработени имаат само 2 деловни субјекти во овој стопански сектор.

Најголем дел од деловните субјекти што остваруваат поголеми приходи и вработуваат над просекот во овој стопански сектор се во одделот трговија на мало и се од категорија на маркети што имаат поголема продажна мрежа на територијата на општина Охрид. Дел

од овие субјекти се занимаваат со трговија на текстил, трговија со моторни возила и трговија со горива и мазива. Имајќи го во вид карактерот на овој стопански сектор, при анализа на истиот мора да се земе во вид и факторот сезоналност, бидејќи приходите во трговијата на мало особено се зголемуваат во текот на туристичката сезона и развојот на туризмот може да доведе до директен развој и на овој стопански сегмент во општина Охрид.

Просечната плата во овој стопански сектор на национално ниво во 2016 година изнесувала 20314 денари додека во 2017 година истата бележи раст од 4.7% и изнесува 21268 денари.

ТАБЕЛА 45 ПРОСЕЧНА МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ВО СЕКТОРОТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО

| | M01 | M02 | M03 | M04 | M05 | M06 | M07 | M08 | M09 | M10 | M11 | M12 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 21 362 | 19 702 | 19 805 | 19 992 | 20 656 | 19 743 | 20 456 | 20 265 | 20 091 | 20 264 | 20 330 | 21 100 | 20314 |
| 2017 | 21 810 | 20 221 | 20 391 | 21 214 | 21 473 | 20 839 | 20 928 | 21 536 | 21 344 | 21 721 | 21 516 | 22 225 | 21268 |

Извор: (ДЗС, 2018)

Пресметките направени врз основа на податоците од Државниот завод за статистика (ДЗС, 2018) покажуваат дека над 70% од вработените во овој стопански сектор земаат помала плата од просечната, 5% земаат просечна, а само ¼ од вработените земаат над просекот. Може да се заклучи дека овој стопански сектор иако е најдоминантен во општина Охрид, е еден од најслабоплатените и влијае на намалената куповна сила на населението во општината.

## ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ

Стопанскиот сектор (Ж) Транспорт и складирање е трет според остварените приходи во општина Охрид во 2016 година, а петти според бројот на вработувања. Во овој сектор се регистриран 204 субјекти или 5% од вкупниот број деловни субјекти во Охрид. Најголем дел од нив (99%) се со домашна и недефинирана сопственост, а сите се регистрирани како ДООЕЛ, ДОО и АД. Истите оствариле приходи од 2306159745 денари што е 9.02% од

вкупните приходи што ги оствариле деловните субјекти регистрирани во општина Охрид, а вработуваат 818 лица што е 5.4% од вкупниот број вработени во деловните субјекти регистрирани во општина Охрид. 99% од субјектите во овој сектор се регистрирани како микро и мали претпријатија додека има само 1 средно и 1 големо претпријатие . Сепак, близу 60% од приходите и 31% од вработувањата во овој сектор се кај двата најголеми стопански субјекти регистрирани во одделот на копнениот транспорт (АД Галеб и ТД Екстра – Скопско).

ТАБЕЛА 46 СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ И ВРАБОТЕНИ ВО СЕКТОРОТ ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПО ОДДЕЛИ, 2016

| Сектор / Оддел | Приходи | | Вработени | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | % | Вкупно | % |
| **Ж - Транспорт и складирање** | 2306159745 | 100 | 818 | 100 |
| **49. Копнен транспорт и цевоводен транспорт** | 2280948766 | 98.9 | 785 | 96 |
| **50. Воден транспорт** | 16700019 | 0.7 | 19 | 2.3 |
| **51. Воздухопловен транспорт** | / | / | / | / |
| **52. Складирање и помошни дејности во превозот** | 8433808 | 0.4 | **12** | **1.5** |
| **53. Поштенски и курирски дејности** | 77152 | 0 | **2** | **0.2** |

Извор: (ЦРМ, 2018), сопствени пресметки

Мора да се издвои дека карактеристично за овој сектор е што 14.5% од вработените и дури 51.7% од приходите се остварени од страна на единственото средно претпријатие (ЕКСТРА-СКОПСКО) што не се занимава исклучиво со активности во кои има регистрирано претежна дејност туку и со продажба и дистрибуција на алкохолни и безалкохолни пијалаци. Имајќи го ова во вид, уште поголемо значење за охридското стопанство има секторот Е – Трговија на мало и големо во кое претежно се вклучени активностите на ТД Екстра – Скопско.

*(Ако Екстра – Скопско е регистрирано во трговија на големо и мало, тогаш 35.5% од вкупните приходи би биле во тој стопански сектор, а секторот Транспорт и складирање ќе учествува со 4.4% во вкупните приходи што ги остваруваат деловните субјекти регистрирани во општина Охрид.)*

Анализата по оддели покажува дека најголем дел од приходите и вработувањата се во одделот Копнена транспорт (99% од приходите и 96% од вработувањата). Само мал дел од приходите и вработувањата остваруваат деловните субјекти регистрирани во одделите воден транспорт, Складирање и помошни дејности во превозот и поштенски и

курирски дејности, што значи најголем дел од добиените резултати од ова истражување што се за овој стопански сектор се однесуваат на одделот Копнен транспорт.

Со подетална анализа на деловните субјекти од овој стопански сектор може да се види дека повеќе од 1/3 од регистрираните субјекти или 35% се регистрирани како такси служби. Истите без исклучок се регистрирани како микро и мали претпријатија. Овие субјекти вработуваат 23% од вкупниот број вработени и остваруваат 4% од вкупните приходи во овој стопански сектор. Сепак, пореална слика за значењето на субјектите чија претежна дејност е такси превозот за секторот Транспорт и складирање ќе се добие ако се споредат нивните остварувања со останатите мали и микро претпријатија во овој стопански сектор. Така, ако ги иземеме двата најголеми субјекти, тогаш такси превозот остварува речиси половина од вкупните приходи (48%) што ги остваруваат малите и средните претпријатија и вработува 9.4% од вкупниот број вработени во малите и микро претпријатија во овој стопански сектор.

За да имаме пореална слика за субјектите што се активни во овој сектор, направена е дескриптивна статистика на податоците од централен регистар за остварените приходи во 2016 година на субјектите што се регистрирани во одделите 49 – 53. Поверодостојна статистичка анализа ќе имаме ако ги иземеме деловните субјекти што не оствариле приходи во анализираната година. Истражувањето покажа дека високи 28.4% од регистрираните деловни субјекти во општина Охрид во овој стопански сектор не покажале деловни резултати, додека 71.6% прикажале приходи во 2016 година.

Во просек, активните деловни субјекти во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат близу 15,8 милиони денари годишни приходи. Сепак ако се земе во вид вредноста на медијаната, може да се заклучи дека повеќе од половината активни субјекти остваруваат годишни приходи под 870 илјади денари што е далеку под просекот во овој сектор. Исклучително високите вредности на стандардната грешка и стандардната девијација покажуваат постоење на екстремни вредности, односно дека многу мал дел од субјектите во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат повисоки приходи. Ова може да се види и од разликата во приходи помеѓу субјектите со најмалку и најмногу остварени приходи (Range = 1192778336).

Со помош на индексите Skewness и Kurtosis можеме да се определи обликот на дистрибуцијата и во колкав обем истиот отстапува од нормалната дистрибуција. Така, вредностите на овие индекси покажуваат дека повеќето од вредностите се на левата страна од дистрибуцијата што значи дека поекстремни вредности има на десната страна (Skewness > 0). Вредноста 11 на Skewness индексот покажува голема накривеност на

дистрибуцијата што значи дека најголемиот дел од активните деловни субјекти остваруваат помали годишни приходи дури и од просечните приходи по субјект во овој стопански сектор. Анализата покажа дека само 17 (12%) од субјектите во општина Охрид оствариле годишни приходи над просечните во овој стопански сектор. Исклучително високата вредноста на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 131) покажува дека постои голема можност за екстремни вредности, со што повторно се потврдува постоење на многу мал број на субјекти со значително поголеми приходи од останатите субјекти што се активни во овој стопански сектор. Истражувањето покажува дека само 3 деловни субјекти оствариле повеќе од 100 милиони денари годишно што ги објаснува добиените резултати со дескриптивната статистика.

Дескриптивната статистика за вработените во деловните субјекти од овој стопански сектор е исто така направена само за субјектите што покажале деловна активност. Во просек, секој деловен субјект во овој сектор во општина Охрид има по 5.6 вработени. Сепак, ако ги земеме во вид вредностите на медијаната и на модата, може да се види дека најголем дел од деловните субјекти имаат по еден вработен (mode = 1), а повеќе од половината активни деловни субјекти имаат по двајца или помалку вработени (median = 2). Високата вредност на стандардната девијација покажува дека постојат екстремни вредности, односно деловни субјекти што имаат поголеми отстапувања во вработувањата од просечниот број на вработени по субјект.

ТАБЕЛА 47 ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА ЗА СЕКТОРОТ ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ, 2016

| | ***За остварени приходи*** | ***За вработени*** |
|---|---|---|
| **Mean** | 15795614.69 | 5.575342466 |
| **Standard Error** | 8330865.026 | 1.285757732 |
| **Median** | 866518.5 | 2 |
| **Mode** | #N/A | 1 |
| **Standard Deviation** | 100662225.1 | 15.53586978 |
| **Sample Variance** | 1.01329E+16 | 241.3632499 |
| **Kurtosis** | 131.3616939 | 52.38895102 |
| **Skewness** | 11.22843408 | 6.933339453 |
| **Range** | 1192778336 | 135 |
| **Minimum** | 4 | 0 |
| **Maximum** | 1192778340 | 135 |
| **Sum** | 2306159745 | 814 |
| **Count** | 146 | 146 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Високата вредност на Skewness и Kurtosis индексите исто така го потврдуваат постоењето на екстремни вредности. Вредноста на индексот на накривеност е 6.9 што значи дека најголемиот дел од деловните субјекти во овој стопански сектор имаат помал број вработени, додека само помал дел од активните деловни субјекти се со поголем број на вработени од просекот. Анализата покажа дека само 26 деловни субјекти (17.8%) имаат повеќе вработени од просекот, додека сите останати имаат по 5 или помалку вработени. Високата вредност на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 52) покажува дека постои голема можност за екстремни вредности, со што повторно се потврдува постоење на помал број на субјекти со значително поголеми број на вработени од останатите субјекти што се активни во овој стопански сектор. Истражувањето покажува дека само 16 деловни субјекти имаат над 10 вработени. Од нив, 4 се помеѓу 20 и 50 вработени а 2 со повеќе од 100 вработени.

Ако од анализата ја исклучиме единственото трговско друштво со средна големина (Екстра – скопско) кое реално остварува активности што се карактеристични за друг стопански сектор, може да се заклучи дека добар дел од приходите во овој сектор ги вршат субјектите што остваруваат превоз на патници. Истите учествуваат и во најголем дел од вработувањата во овој стопански сектор. Имајќи го тоа во вид, при анализа на истиот мора да се земе во вид и факторот сезоналност, бидејќи приходите и вработувањата при организирање на превоз на патници (патнички транспорт и такси служби) особено се зголемуваат во текот на туристичката сезона и развојот на туризмот може да доведе до директен развој и на овој стопански сегмент во општина Охрид.

Просечната плата во овој стопански сектор на национално ниво во 2016 година изнесувала 22906 денари додека во 2017 година истата бележи раст од 4.4% и изнесува 23912 денари.

ТАБЕЛА 48 ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО-ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ВО СЕКТОРОТ ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ, ПО МЕСЕЦИ

| Год/мес. | M01 | M02 | M03 | M04 | M05 | M06 | M07 | M08 | M09 | M10 | M11 | M12 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 23184 | 22176 | 22290 | 22859 | 22936 | 22779 | 22991 | 22918 | 22752 | 23357 | 23015 | 23617 | 22906 |
| 2017 | 23949 | 24821 | 23086 | 23545 | 23618 | 23852 | 23303 | 23716 | 23891 | 24861 | 23400 | 24907 | 23912 |

Извор: (ДЗС, 2018)

Индикативно е тоа што според пресметките направени врз основа на податоците од Државниот завод за статистика (ДЗС, 2018) 3/4 од вработените во овој стопански сектор земаат помала плата од просечната, а само ¼ од вработените земаат над просекот. Може да се заклучи дека овој стопански сектор е еден од послабо платените што исто така влијае на намалената куповна сила на населението во општината.

## ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА

Стопанскиот сектор (З) Хотели и ресторани е петти според остварените приходи на деловните субјекти регистрирани во општина Охрид во 2016 година, а трет според бројот на вработувања. Во овој сектор се регистриран 411 субјекти или 10% од вкупниот број деловни субјекти во Охрид, од кои 85% се објекти за подготовка на оброци и служење храна и само 15% се објекти за сместување. Најголем дел од нив се со домашна и недефинирана сопственост. Само 6 хотели и 5 ресторани во 2016 година се со странско потекло на капиталот. Хотелите се регистрирани како ДООЕЛ, ДОО и АД, додека ресторанитe како ДОО и ДООЕЛ. Мал дел од хотелите и ресторанитe се регистрирани како ТД, додека во одделот Објекти за сместување има и еден државен студентски дом.

ТАБЕЛА 49 ПРИХОДИ И ВРАБОТЕНИ ВО СЕКТОРОТ ХОТЕЛИ И РЕСТОРАНИ, ОПШТИНА ОХРИД, 2016

| Сектор / оддел | Приходи | | Вработени | |
|---|---|---|---|---|
| | Денари | %` | Број | % |
| **3 – Хотели и ресторани** | 1594648586 | 100% | 1816 | 100% |
| **55. Објекти за сместување** | 839273151 | 52.6 | 829 | 45.6 |
| **56. Дејности за подготовка и служење на храна** | 755375435 | 47.4 | 987 | 54.4 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на (ЦРМ, 2018)

Деловните субјекти во овој стопански сектор оствариле приходи од 1594648586 денари што е 6,24% од вкупните приходи што ги оствариле деловните субјекти регистрирани во општина Охрид, а вработуваат 1816 лица што е 11,9% од вкупниот број вработени во деловните субјекти регистрирани во општина Охрид. Објектите за сместување остваруваат повеќе од половина од приходите во овој сектор (56,6%) додека пак објектите за подготовка и сервис на храна вработуваат повеќе од половина во овој сектор (54,4%).

Со исклучок на 4 хотели, сите останати субјекти во овој сектор се мали и микро претпријатија. Малите хотели и сместувачки објекти учествуваат со повеќе од половина (55%) од приходите што ги остваруваат деловните субјекти регистрирани во овој оддел. Само 1,6% во вкупните приходи на сместувачките капацитети учествуваат микро претпријатијата, а дури 43,5% од приходите во 2016 година во одделот сместувачки објекти оствариле четирите средни претпријатија. Во одделот ресторани и објекти за храна сите приходи и вработувања се во мали и микро претпријатија.

За да имаме пореална слика за субјектите што се активни во овој сектор, направена е дескриптивна статистика на податоците од централен регистар за остварените приходи во 2016 година на субјектите што се регистрирани во одделите 55 и 56. Поверодостојна статистичка анализа ќе имаме ако ги изземеме деловните субјекти што не оствариле приходи во анализираната година. Истражувањето покажа дека **речиси 1/2 од субјектите во овој стопански сектор не покажале деловни активност**. Деловна активност во 2016 година **покажале 2/3 од регистрираните објекти за сместување и само 57% од објектите за подготовка и сервирање на храна**. Имајќи ги во вид спецификите на секторот, посебна статистичка анализа е направена за одделот објекти за сместување, а посебна за одделот објекти за подготовка и сервис на храна.

Во просек, активните сместувачки објекти во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат близу 21 милиони денари годишни приходи. Сепак ако се земе во вид вредноста на медијаната, може да се заклучи дека повеќе од половината активни сместувачки објекти остваруваат годишни приходи под 6 милиони денари што е далеку под просекот во овој оддел. Исклучително високите вредности на стандардната грешка и стандардната девијација покажуваат постоење на екстремни вредности, односно дека многу мал дел од субјектите во овој стопански сектор во општина Охрид остваруваат повисоки приходи. Ова може да се види и од разликата во приходи помеѓу субјектите со најмалку и најмногу остварени приходи (Range = 140664550).

Со помош на индексите Skewness и Kurtosis можеме да се определи обликот на дистрибуцијата и во колкав обем истиот отстапува од нормалната дистрибуција. Така, вредностите на овие индекси покажуваат дека повеќето од вредностите се на левата страна од дистрибуцијата што значи дека поекстремни вредности има на десната страна (Skewness > 0). Вредноста 2.4 на Skewness индексот покажува накривеност на дистрибуцијата што значи дека најголемиот дел од активните сместувачки објекти остваруваат помали годишни приходи дури и од просечните приходи по субјект во овој стопански оддел. Анализата покажа дека само 11 (27,5%) од субјектите во општина

Охрид оствариле годишни приходи над просечните во овој стопански оддел. Високата вредноста на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 5.6) покажува дека постои голема можност за екстремни вредности, со што повторно се потврдува постоење на многу мал број на субјекти со значително поголеми приходи од останатите субјекти што се активни во овој стопански оддел. Истражувањето покажува дека само 2 деловни субјекти оствариле повеќе од 100 милиони денари годишно што ги објаснува добиените резултати со дескриптивната статистика.

ТАБЕЛА 50 ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА ЗА ПРИХОДИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ КАЈ СМЕСТУВАЧКИТЕ ОБЈЕКТИ И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ХРАНА И СЕРВИРАЊЕ НА ХРАНА РЕГИСТРИРАНИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, 2016 ГОДИНА

| *Сместувачки објекти* | *Приходи* | *Вработени* |
|---|---|---|
| | | |
| **Mean** | 20981828.7 | 20.675 |
| **Standard Error** | 5283239.99 | 5.12364897 |
| **Median** | 6054576 | 5.5 |
| **Mode** | #N/A | 1 |
| **Std Deviation** | 33414143.6 | 32.4048014 |
| **Sample Variance** | 1.1165E+15 | 1050.07115 |
| **Kurtosis** | 5.641599491 | 7.34014553 |
| **Skewness** | 2.38917946 | 2.52953431 |
| **Range** | 140664550 | 155 |
| **Minimum** | 16 | 0 |
| **Maximum** | 140664566 | 155 |
| **Sum** | 839273151 | 827 |
| **Count** | 40 | 40 |

| *Објекти за храна и серв.* | *Приходи* | *вработени* |
|---|---|---|
| | | |
| **Mean** | 3758086.74 | 4.8805970 |
| **Standard Error** | 463956.776 | 0.42843967 |
| **Median** | 991577 | 3 |
| **Mode** | #N/A | 3 |
| **Std Deviation** | 6577722.54 | 6.07418073 |
| **Sample Variance** | 4.32664E+1 | 36.895671 |
| **Kurtosis** | 11.8348386 | 7.96949261 |
| **Skewness** | 3.162267231 | 2.66732177 |
| **Range** | 45457809 | 36 |
| **Minimum** | 1 | 0 |
| **Maximum** | 45457810 | 36 |
| **Sum** | 755375435 | 981 |
| **Count** | 201 | 201 |

Извор: сопствени пресметки врз основа на податоците од (ЦРМ, 2018)

Дескриптивната статистика за вработените во деловните субјекти од овој стопански сектор е исто така направена само за субјектите што покажале деловна активност. Во просек, секој активен сместувачки објект во општина Охрид има по 20,7 вработени. Сепак, ако гиземеме во вид вредностите на медијаната и на модата, може да се види дека најголем дел од деловните објекти имаат по еден вработен (mode = 1), а повеќе од половината активни сместувачки објекти имаат по пет или помалку вработени (median = 5). Високата вредност на стандардната девијација покажува дека постојат екстремни вредности, односно сместувачки објекти што имаат поголеми отстапувања во вработувањата од просечниот број на вработени по субјект.

Високата вредност на Skewness и Kurtosis индексите исто така го потврдуваат постоењето на екстремни вредности. Вредноста на индексот на накривеност е 2.5 што значи дека најголемиот дел од деловните субјекти во овој стопански сектор имаат помал број вработени, додека само помал дел од активните деловни субјекти се со поголем број на вработени од просекот. Анализата покажа дека само 11 сместувачки објекти (27.5%) имаат повеќе вработени од просекот, додека сите останати имаат по 5 или помалку вработени. Високата вредност на индексот на плоснатост на функцијата (Kurotosis = 7,3) покажува дека постои голема можност за екстремни вредности, со што повторно се потврдува постоење на помал број на субјекти со значително поголеми број на вработени од останатите субјекти што се активни во овој стопански сектор. Истражувањето покажува дека само 16 деловни субјекти имаат над 10 вработени. Од нив, 4 се помеѓу 50 и 100 вработени а 2 со повеќе од 100 вработени.

Дескриптивната статистика на објектите за подоготовка и служење на храна покажуваат дека просечните приходи што ги остваруваат субјектите во овој оддел се значително помали во споредба со сместувачките објекти и изнесуваат 3.76 милиони денари. Високите вредности на стандардната грешка, стандардната девијација и индексот на плоснатост и накривеност покажуваат постоење на екстрмни вредности и дека најголемиот дел од деловните субјекти остваруваат помали приходи од просечните. Медијаната покажува дека повеќе од половината од објектите за подготовка и служење на храната во општина Охрид остваруваат годишни приходи под 992 илјади денари. Истражувањето покажа дека само 23% од субјектите остваруваат приходи над просечните, а само три имаат годишни приходи над 30 милиони денари.

Просечниот број на вработени во објектите за подготовка и служење на храна помал од 5 (mean = 4.88). Дескриптивната статистика пак ни покажува дека најчесто овие субјекти имаат по 3 или помалку вработени (median = 3, mode = 3). Вредностите на стандардната грешка и девијација покажуваат постоење екстремни вредности, а високите вредности на индексите на накривеност и плоснатост покажуваат постоење на помал број на субјекти за подготовка и служење на храна што имаат поголем број на вработени. Истражувањето покажа дека само 24% од овие субјекти имаат вработено повеќе од просекот во овој оддел, а само 2 (1%) имаат над 30 вработени.

Карактеристично за овој стопански сектор е високата сезоналност која директно влијае и на остварените приходи и на вработувањата кои се значително поголеми во текот на туристичката сезона.

ТАБЕЛА 51 ТУРИСТИЧКА СЕЗОНАЛНОСТ ВО ОХРИД СОГЛАСНО GINI КОЕФИЦИЕНТ И ИНДЕКСОТ НА СЕЗОНАЛНОСТ (2007-2013)

| Година | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Gini (G) | 0.50 | 0.50 | 0.50 | 0.49 | 0.49 | 0.48 | 0.47 |
| Seasonal Indic. (SI) | 0.28 | 0.31 | 0.30 | 0.31 | 0.31 | 0.34 | 0.35 |

Извор: (Trajkov, Biljan, & Andreeski, 2016)

Често, деловните субјекти во овој стопански сектор се соочуваат со недостиг на работна сила во текот на летниот период кога имаат значително зголемен обем на работа и остваруваат најголем дел од приходите. Во текот на останатите месеци од годината најголем дел од субјектите работат со помали приходи и се соочуваат со недостиг на средства за покривање на трошоците од работењето.

ГРАФИКОН 35 ВЛИЈАНИЕ НА СЕЗОНАЛНОСТА ВРЗ ТУРИСТИЧКИОТ ПРОМЕТ ВО ОХРИД (2007-2013, % ПРОМЕНИ)




Извор: (Трајков & Билјан, 2015)

Просечната плата во овој стопански сектор на национално ниво во 2016 година изнесувала 15426 денари додека во 2017 година истата бележи раст од 4.2% и изнесува 16076 денари.

ТАБЕЛА 52 ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО-ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН, СЕКОТР ТУРИЗАМ, ПО НКД РЕВ.2, ПО МЕСЕЦИ

| 3 | M01 | M02 | M03 | M04 | M05 | M06 | M07 | M08 | M09 | M10 | M11 | M12 | **просек** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 15543 | 16064 | 15118 | 15102 | 15631 | 15047 | 15112 | 15205 | 15489 | 16137 | 15320 | 15340 | 15425.67 |
| 2017 | 15860 | 15312 | 15667 | 15490 | 15962 | 15690 | 15750 | 16230 | 16831 | 16750 | 16656 | 16709 | 16075.58 |

Извор: (ДЗС, Извештај за исплатена нето-плата по вработен, по сектори на дејност, по НКД рев.2, 2018)

Индикативно е тоа што, според пресметките врз основа на податоците од (ДЗС, 2018) повеќе од 3/4 од вработените во овој стопански сектор земаат помала плата од просечната, а само ¼ од вработените земаат над просекот во секторот. Ако ги споредиме просечните примања со националниот просек, тогаш околу 90% од вработените во овој сектор земаат помалку од националната просечна нето плата. Исто така, платите во овој сектор се најниски во споредба со останатите услужни сектори што покажува дека овој стопански сектор е еден од најслабо платените што исто така влијае на намалената куповна сила на населението во општината.

# МОЖНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Најголем дел од деловните субјекти во општина Охрид се вбројуваат во групата на микро, мали и средни субјекти (99,79%), додека многу мал број се големи субјекти (0,21%). Согласно со нивните основни критериуми за класифицирање, учеството на микро, малите и средните субјекти во вработеноста (89,36%) и во вкупно остварените приходи (86,10%) во однос на учеството на големите субјекти во вработеноста (10,64%) и во вкупно остварените приходи (13,90%) е релативно помало.

Специфичностите на МСП што ги диференцираат од големите претпријатија, како што се потесна специјализација во производството, иновативност, рационалност во трошењата, ниска и лабава хиерархија во управувањето, како и поголема флексибилност и адаптибилност кон настанатите промени, претставуваат појдовни основи за креирање на стратегии и преземање на мерки за зголемување на нивната конкурентност, како на домашниот, така и на странските пазари.

Воспоставувањето на рамка за соработка на сите заинтересирани страни од бизнис секторот, јавниот сектор на национално и на локално ниво, како и невладиниот сектор во општина Охрид, треба да овозможи поддршка на развојот на МСП во насока на зголемена иновативност и конкурентност. Имено, преку практична апликација на Националната стратегијата за МСП (2018-2023) во Македонија (Министерство за економија, 2018), која што се темели на Актот за мали претпријатија (АМП) на Европската унија, односно изнаоѓање на клучните сегменти за дејствување соодветни на условите во општина Охрид, како и нивно зајакнување, ќе се влијае кон подобрување на бизнис климата и олеснување на функционирањето на МСП. При тоа сите заинтересирани страни треба да се стремат кон:

1. Создавање на поволно деловно окружување за поттикнување на претприемништвото и иновациите, особено преку подобрување на политиките; поедноставена и постојана правна регулатива и слично;
2. Зголемување и подобрување на можностите за раст, особено преку подобрување на услугите и на пристапот до финансии; олеснување на интернационализацијата и слично, и

3. Поттикнување на економската конкурентност преку зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП, особено преку подобрување на образованието и обуките за претприемачите; развој на иновативни технологии; основање на научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации и слично.

Вложувањето во развојот на иновативниот капацитет на компаниите е една од можностите за зајакнување на деловната конкурентност, особено на малите и средни претпријатија. Според податоците од Стратегијата за иновации за Југозападен плански регион во кој влегува и општина Охрид, повеќето од компаниите не обрнуваат големи влијание на вложувањата во иновативниот капацитет и потребно е поголемо внимание кон креирање на соодветна деловна култура и политики за поттикнување на иновации во регионот, а со самото тоа и во општина Охрид. Забележан е недостаток на користење на дополнителни извори за финансирање од приватниот капитал како на пример: инвестициски фондови; бизнис ангели; национални, регионални и локални фондови за развој; поддршка од меѓународни институции и финансиски организации и сл. Исто така, идентификувана е и неинформираност од страна на компаниите за различните видови институционална поддршка за иновации и се забележува потреба од соодветна помош за компаниите како би можеле да ги користат услугите за иновативност од соодветните даватели на тие услуги.

ТАБЕЛА 53СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНОВАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ

| Стратешка цел | Приоритети |
|---|---|
| Стимулирање на **човечки ресурси** подготвени да иновираат во регионот | - Подигање на ниво на соработка помеѓу бизнис секторот и образованието<br>- Поголема активност на високообразовните институции во истражување и развој<br>- Поттикнување на иновативноста кај студентите и учениците<br>- Поттикнување на трансформација на училиштата во претприемачки училишта |
| Генерирање на **капитал** за инвестирање во иновации | - Имплементација на стимулативни мерки за инвестирање на приватен капитал во иновативни проекти<br>- Креирање и развој на општински фондови за иновации<br>- Искористување на постојните програми за поддршка на иновации и конкурентност на компаниите |

| Стратешка цел | Приоритети |
|---|---|
| Развој на **инфраструктура** за поддршка на иновации | - Развој на самоодржлив бизнис акцелератор во општината врз основа на јавно – приватно партнерство<br>- Поттикнување на високообразовните институции да креираат центри за истражување и развој, достапни за приватниот сектор<br>- Формирање и ажурирање на база на податоци за професии и лесен пристап до ментори и волонтери<br>- Зголемување на продуктивноста на производните и услужните компании о импементација на иновативни пристапи на организација и управување во работењето. |
| Развој на **иновациска политика** и стимулирање **иновациска култура** | - Подигање на свест за иновативно однесување<br>- Мотивирање на компаниите да инвестираат во нови идеи |

*Напомена: Целите и приоритетите се адаптирани и усогласени со Регионалната стратегијата за иновации – Југозападен регион*

Посебните стратешки цели, со кои се зголемуваат можностите за зголемување на деловната конкурентност, се во насока на стимулирање на човечки ресурси, капитал, иновациска инфраструктура, политика и култура за подобрување на иновативниот капацитет на компаниите од општината. За реализација на приоритетите што се во врска со овие цели треба да се обезбеди поддршка од сите засегнати страни, владини и невладини институции и тела, деловната заедница, како и академската заедница.

Проактивниот пристап на сите заинтересирани страни во насока на имплементација и искористување на можностите што произлегуваат од реализација на стратешките определби за развој претставува повеќе од неопходност за МСП во општина Охрид.

Во таа насока, најпрво треба да се воспостави и промовира перманентна соработка и координација на сите заинтересирани страни, вклучително B2B соработката (business-to-businesscooperation).

Воспоставувањето на одредена *институционална форма на B2B соработка* во вид на комора, бизнис центар, центар за иновации и слично, би претставувало место за организирање на средби, презентации и обуки со цел промовирање на размена на информации и идеи, креирање на мрежи и заедничка проектна активност, кластери, заеднички настап на домашниот и странските пазари; заедничко претставување на странски саеми, и слично.

На пример, имајќи ги во вид остварените приноси од различни видови овошје (вишни, цреши, јаболка и друго) во општина Охрид што се далеку над републичките просечни приноси постојат реални можности за остварување на профитабилен бизнис од

зголемување на површините со засадени овошки, од една страна, и отворање на преработувачки капацитети за конзервирање на овошје и производство на сокови, од друга страна. Дополнително, доколку се испитаат можностите и се реализира производство на органски овошки, нивна преработка и извоз во странство ќе се добие поголема додадена вредност во вредносниот синџир на МСП. Овие проекти се предмет на финансиска поддршка во повеќето програми, на пример во ИПАРД програмата, и тоа и за засадувањето на садници и за отворање и модернизација на преработувачките капацитети, како и за маркетинг активности.

Особено големо значење има и воспоставување на соработка со *високо - образовните институции* од Охрид и пошироко од земјата и странство во насока на комерцијализација на иновации на производи, услуги и процеси од страна на МСП, од една, како и вклучување на студентите на пазарот трудот преку формирање на *студентски задруги* што претставува една од можностите за решавање на проблемите со обезбедување на потребна работна сила, особено при зголемен обем на работа или сезонска работа во МСП, од друга страна.

Активностите на *јавниот сектор* на национално и на локално ниво е од големо значење за развојот на МСП. Јавниот сектор преку партнерства со приватниот сектор треба да овозможи директна вклученост на бизнис заедницата во креирањето на стратегии и политики и предлагање на мерки што се клучни за поттикнување на економскиот раст и подобрување на конкурентноста на компаниите. Во овој контекст, посебно би ја истакнале улогата на *локалната самоуправа*, односно Општина Охрид, во подобрувањето на бизнис климата преку изградба и одржување на патната и комуналната инфраструктура; проактивен однос во промоцијата на Охрид; брзо решавање на институционалните барања, особено одобренијата за градба од страна на МСП; имањето слух за проблемите на бизнис секторот; и друго. За успешно остварување на мерките за подобрување на бизнис климата, локалната самоуправа има перманентна потреба за следење на податоците и информациите за економската состојба и структура, како и за економските текови во општината. За таа цел, се предлага формирање на *постојан совет на експерти* со задача за составување редовни и вонредни економски анализи (вкупно и по пооделни дејности, сектори и/или оддели) како база за донесување на одлуки од страна на локалната самоуправа. Исто така, се предлага формирање на *посебен одбор за комуникација со МСП*, во чии рамки ќе се организираат редовни средби по усвоена годишна агенда и вонредни средби со претставници на МСП, и тоа општи, со претставници на МСП независно од нивната дејноста, и поединечни, со претставници на

МСП по одделни сектори и/или оддели, или со претставници на засегнати МСП за решавање на одреден проблем.

Соработката на МСП со *невладините организации* во општина Охрид треба да биде интензивна во насока на остварување на инклузивен развој и зајакнување на општествената одговорност, и тоа преку организирање на презентации, заеднички средби за размена на идеи и информации, проектна активност и друго.

Следна можна мерка за иницирање на развој на МСП, а во насока на подобрување на конкурентноста преку екоиновативност е *основање на МСП – старт-апи од страна на млади високо-образовани лица* со широки познавања, со дејност: организирање на обуки, презентации, консултации и слично во различни области согласно потребите на МСП во општина Охрид. Како можни теми би ги навеле следните:

- обуки за правни аспекти на работењето
- обуки за финансиско работење
- специјализирани обуки за читање на финансиски извештаи
- обуки од областа на меѓународна трговија, царинско и шпедитерско работење
- специјализирани обуки за управување со процесите и човечките ресурси
- презентации за можности за финансирање преку Македонската банка за поддршка на развојот и комерцијалните банки
- презентации на програмите за техничка и финансиска поддршка од страна на меѓународни организации; ЕУ; амбасади на странски држави во Република Македонија; Владата; ресорните министерства; релевантните владини агенции и фондови и друго.

Во продолжение на текстот накратко се наведени основите на најновите инструменти за техничка и финансиска поддршка за МСП, и тоа владината финансиска поддршка на инвестициите; Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво на Министерство за економија; ИПАРД програмата, како и можностите за финансиска поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој.

## Владина финансиска поддршка на инвестиции

Владата на Република Македонија воведе стимулативни мерки за поддршка на инвестициите, што важат само за претпријатија што се занимаваат со производство, и тоа:

- *Финансиска поддршка за нови вработувања* – оваа мерка опфаќа финансиска поддршка во висина од 20% од исплатената месечна нето плата за секое ново вработување на државјани на РМ со полно работно време за деловен субјект кој ќе континуирано ќе исплаќа месечна нето плата повисока за 50% од минималната плата.
- *Финансиска поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи регистрирани во Република Македонија* – оваа мерка важи за субјектите што вршат дејност во технолошко-индустриските развојни зони (ТИРЗ-овите) кои ќе набават и вградат во крајниот производ наменет за извоз, производи набавени од добавувачи - производители од РМ. Финансиската поддршка изнесува 1% од вредноста на вкупно извршените набавки под услов домашните производи да претставуваат најмалку 15% од вкупниот производ.
- *Финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување* – оваа мерка се однесува на субјекти кои воспоставиле одделенија, центри или друг облик на организациска структура, во кои се реализираат одржливи истражувачки и развојни проекти и се ангажира високо - квалификуван персонал. Финансиската поддршка опфаќа до 50% од вкупно оправданите трошоци за индустриско истражување по корисник од кои 30% се за инвестициски трошоци.
- *Финансиска поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за РМ* – мерка што се однесува за инвестициски проекти со вредност најмалку од 4 милиони евра и најмалку 300 вработени, како и за инвестициски проекти со вредност од најмалку 20 милиони евра.
- *Финансиска поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи* – поддршка за деловни субјекти кои реализираат почетни или дополнителни инвестициски вложувања за набавка на нови машини и опрема или за инвестиции во објекти и земјиште неопходни за дејноста на корисникот во рамките на инвестицискиот проект, во износ од најмногу 10% од реализираната инвестиција но не повеќе од 1 милион евра за времетраење на проектот.
- *Финансиска поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти со потешкотии* – поддршката се однесува за деловни субјекти кои ќе започнат инвестициски проект при што откупиле материјални средства од деловен субјект во постапка на стечај или ликвидација што ќе ги користат исклучиво во производствениот процес во рамките на инвестицискиот проект. Максималниот износ на финансиската поддршка изнесува 10% од трошоците за купување на материјалните средства, но не повеќе од 1 милион евра.

- *Финансиска поддршка за зголемување на конкурентноста на пазарот* – мерка што се доделува за остварен пораст на продадени количини или пораст на приходи од дејноста за продадени производи на пазарот. Максималниот износ на финансиската поддршка изнесува 10% од оправданите трошоци но не повеќе од 1 милион евра.
- Финансиска поддршка за освојување на нови пазари и пораст на продажба - мерка што се доделува за освојување на нови пазари и остварување на пораст на продажба на нови пазари. Максималниот износ на финансиската поддршка изнесува 20% од оправданите трошоци но не повеќе од 30 илјади евра.

Користењето на мерките за финансиска поддршка на инвестиции е поврзано со исполнување на одредени услови, главно поврзани со остварување на приходи и одржување на ниво на вработеност. Исто така, треба да се спроведе постапка за барање за доделување и барање за исплата на финансиска поддршка со потребната документација.

### Инструменти на Фондот за иновации и технолошки развој

Во рамките на ФИТР се развиени неколку финансиски инструменти за поддршка на претпријатија, особено за МСП, и тоа:

1. Инструменти за финансиска поддршка во рамки на столбот 3 од Програмата за економски развој на Владата на Република Македонија
2. Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф
3. Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации

Во рамките на *инструментите за финансиска поддршка во рамки на столбот 3 од Програмата за економски развој* на Владата на Република Македонија се понудени следните кофинансирани грантови:

- за мали и средни претпријатија со тенденција на брз раст (газели) наменети за технолошки развој на мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст во насока да станат *газели*.
- за микро претпријатија
- за подобрување на иновативноста и
- за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица

Со инструментите кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст - *газели* и *за микро претпријатија* се поддржуваат проекти што

опфаќаат активности поврзани со: прифаќање и спроведување на европските технички прописи во однос на безбедноста на производите; подготовки за стекнување сертификати за квалитет; активности за анализа, подготовка, стекнување и заштита на права од индустриска и интелектуална сопственост; подготовка и спроведување на активности за подобрување на енергетската ефикасност; изработка на елаборати за заштитата на животната средина; подготовка и воспоставување на системи за управување со отпадот; воведување на информациони системи; техничка поддршка од страна на надворешни експерти за подготовка на среднорочни и долгорочни стратешки планови; обука за среднорочно планирање на бизнисот (три-годишен бизнис план); подготовка на развојни проекти за деловно поврзување и воспоставување на деловна соработка (во период од 3 до 5 години) со странски инвеститори и домашни претпријатија; подобрување на организационата структура за задоволување на растот на фирмата; специјализирани менаџмент обуки – програми за развој и на способностите на менаџмент тимовите; обука за препознавање таленти (идни лидери) и креирање на програми за развој на таленти (идни лидери); обука за планирање и контрола на трошоци; и набавка или изработка на специфичен софтвер поврзан со подобрување на организациската структура и перформансот или за подобрување на оперативните процеси кои ќе ја зголемат продуктивноста и/или процесот на планирање.

Преку кофинансираниот грант за *подобрување на иновативноста* се обезбедува финансиска поддршка за проекти со следните активности: разработка на техничко–технолошките аспекти во развој и воведување на нови производи или услуги; значително подобрување на постојните производи или услуги; изработка на нови модни колекции; изработка на индустриски дизајн или редизајнирање на производите; изработка на нова амбалажа; изработка на маркетинг планови (анализа на пазари, на конкуренцијата, истражување на производите, продажбата и сл); и подобрување на постојните или воведување на нов производен процес.

Кофинансираниот грант за *стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица* е наменет за финансиска поддршка за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица до 29 години, односно за: стручна обука и пракса за краен примател на поддршката (нововработено младо лице) кај апликантот (вклучително и Fast Track Management Programme); и стручна обука и пракса за краен примател на поддршката (нововработеното младо лице) кај Организатор.

Со *кофинансираните грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и за комерцијализација на иновации* се поддржуваат проекти со јасна комерцијална цел кои

се во фаза од „потврден концепт" (proof of concept) до преткомерцијална (претпазарна) фаза. Овие инструменти имаат за цел да го поттикнат нивото на иновативност, истражување и развој во приватниот сектор; да ја поттикнат соработката помеѓу приватниот сектор и високообразовните и научни институции, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации.

## Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година на Министерството за економија

Во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво 2018, Министерството за економија надоместува дел од трошоците што деловните субјекти ги направиле за определени намени. Мерките од Програмата се однесуваат на следните области:

- Поддршка и развој на мали и средни претпријатија
- Имплементација на индустриска политика, и
- Поддршка и развој на кластерското здружување.

Во областа *Поддршка и развој на мали и средни претпријатија* се предвидени следните мерки: поддршка на занаетчиството; финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија; поддршка на женското претприемништво; надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандардите; финансиска поддршка за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ системот; кофинансирање на проекти за развој и поддршка на мали и средни претпријатија и промоција на претприемништвото; кофинансирање на проекти за програмски активности на мрежите на бизнис ангели; финансиска поддршка за основање на еден нов технолошки парк во рамките на универзитетите; кофинансирање на дел од трошоците за одобрени проекти по ЕУ програмите COSME; финансиска поддршка за МСП за користење на консултантски услуги; кофинансирање на претпријатија за дел од трошоците за купување на опрема, инструменти, алат што ќе послужат за обука, настава на лица за стекнување на занимања; кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица; и промотивни активности.

Областа *Имплементација на индустриска политика* ги опфаќа мерките: поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачката индустрија, и изработка на стратешки документи и анализи за потребите на индустријата.

Областа *Поддршка и развој на кластерското здружување* опфаќа поддршка на проекти од кластерските здруженија Кластери за иновативни и меѓународно ориентирани бизниси.

### ИПАРД програмата

Средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020 се однесуваат за следните мерки:

- Инвестиции во материјални средства за земјоделски стопанства
- Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи
- Диверзификација на фармите и развој на бизнисите

Мерката *Инвестиции во материјални средства за земјоделски стопанства* е наменета за земјоделско производство во приоритетните сектори: растително производство, сточарство, обработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фармата, и производство на обновливи извори за сопствена потрошувачка. Корисници на оваа мерка можат да бидат земјоделско стопанство, регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанство во МЗШВ, како и земјоделски задруги, регистрирани во Регистарот на земјоделски задруги во МЗШВ.

Финансиската поддршка се исплаќа во вид на кофинансирање на инвестицијата и изнесува 60% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата. Во случаите кога инвестициите во земјоделско стопанство се предложени од млади земјоделци процентот на кофинансирање изнесува 65%, а ако инвестицијата е во планински области тогаш процентот на кофинансирање изнесува 70%. Исто така, при исполнување на дефинирани услови е дадена можност за зголемување на процентот на кофинансирање за 10 процентни поени.

Мерката *Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи* е наменета за мали и средни претпријатија во прифатливите сектори кои ќе поднесат проект со финансиска / економска одржливост. Вкупната финансиска поддршка изнесува до 50% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата. Исто така, при исполнување на дефинирани услови е дадена можност за зголемување на процентот на кофинансирање за 10%.

Мерката *Диверзификација на фармите и развој на бизнисите* е наменета за физички и правни лица и задруги за инвестициски проекти во приоритетните сектори во рурална област. Вкупната финансиска поддршка изнесува до 65% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

Постапката за мерките од ИПАРД Програмата 2014-2020 опфаќа поднесување на барање со сите потребни документи; потпишување на договор со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој; реализација на проектот; барање за исплата со потребната документација; добивање на решение за исплата и фактичка исплата на финансиската поддршка.

# ЗАКЛУЧОК

- Општина Охрид опфаќа само 1,5% од вкупната територија на Република Македонија и во неа согласно податоците од ДЗС живее мал број, или 2%, од вкупната популација во Републиката со постојан тренд на намалување на бројот на население. Имено, еден од главните проблеми на општината кој директно влијае на локалниот економски раст и развој, како и на конкурентноста на деловните субјекти што се регистрирани во општината е проблемот на депопулација, односно иселување и намалување на населението.
- Општина Охрид има поволна географска положба особено поради тоа што во близина на општината поминуваат два паневропски коридори и има еден меѓународен аеродром, што можат да стимулираат подобра комуникација со трговските центри и да влијаат врз подобрување на конкурентноста на локалните компании. Овој потенцијал може да се искористи само со унапредување на состојбите во инфраструктурата и подобрување на општата состојба на патиштата не само во општина Охрид, туку и на национално ниво.
- Најголем дел од регистрираните деловни субјекти во општина Охрид се вбројуваат во групата на микро, мали и средни субјекти (99,79%), додека многу мал број се големи субјекти (0,21%). Важен индикатор за постоењето на неповолна бизнис клима е тоа што голем број на регистрирани деловни субјекти, особено микро и мали претпријатија, не покажуваат деловна активност и нивното учество во одредени сектор достигнува и до 50%.
- Приходите во општина Охрид во основа се генерираат од субјектите регистрирани во секторот Трговија на големо и мало, Преработувачка индустрија, Градежништво, Транспорт и складирање и Објекти за сместување и ресторани. Субјектите регистрирани во овие сектори се и најголеми работодавачи во бизнис секторот.
- Согласно спроведената анализа во економската структура на општина Охрид значително учество заземаат општинските, јавните и државните субјекти кои се воедно и најголеми работодавачи на општинско ниво и имаат најголем придонес во вкупните приходи што ги остваруваат субјектите регистрирани во општината.

- Најголем дел од приходите во општина Охрид се остварените од микро, мали и средни субјекти (86,10%), додека големите субјекти оствариле 13,90% од вкупно остварените приходи во општината.
- Најголем дел од вработените во општина Охрид се во микро, малите и средните субјекти (89,36%), додека во големите субјекти се вработени една десетина (10,64%) од вкупно вработените во општина Охрид.
- Недостигот на работната сила не резултира со зголемување на платите кај деловните субјекти во општината, каде најголем дел од вработените земаат нето плати и под националниот просек, што укажува на недоволна продуктивност во работењето. Во одредени сектори како туризмот дури 90% од вработените земаат пониски плати од националниот просек. Дополнителен проблем за развојот на бизнисот е и тоа што дел од секторите што имаат најголемо учество во вкупните приходи во општината се карактеризираат со висока сезоналност. Тоа создава константен дефицит на работна сила во текот на сезоната, а воедно ги зголемува трошоците од работењето надвор од сезоната.
- Постојат и сектори кои имаат мало учество во вкупните приходи и вработувањата во општината, но се со висок и неискористен потенцијал за развој, особено на микро, мали и средни претпријатија. Субјектите што се регистрирани во дејностите од примарниот сектор Земјоделство, шумарство рибарство имаат големи можности за меѓународна финансиска поддршка за посеви и преработувачки капацитети, особено ако се земат и карактеристиките на земјоделското земјиште во општината кое е недоволно искористено од страна на деловните субјекти.
- Предложените мерки во оваа студија се во насока на создавање на поволно деловно окружување за поттикнување на претприемништвото и иновациите, зголемување и подобрување на можностите за раст и поттикнување на економската конкурентност на МСП.

# ПРИЛОГ 1: НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ (НКД РЕВ. 2)

А - Земјоделство, шумарство и рибарство

01. Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив

02. Шумарство и искористување на шуми

03. Рибарство и аквакултура

Б - Рударство и вадење на камен

05. Вадење на јаглен и лигнит

06. Вадење на сурова нафта и природен гас

07. Вадење на руди на метал

08. Вадење на други руди и камен

09. Помошни услужни дејности во рударството

В - Преработувачка индустрија

10. Производство на прехранбени производи

11. Производство на пијалаци

12. Производство на тутунски производи

13. Производство на текстил

14. Производство на облека

15. Производство на кожа и слични производи од кожа

16. Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал

17. Производство на хартија и производи од хартија

18. Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи)

19. Производство на кокс и рафинирани нафтени производи

20. Производство на хемикалии и хемиски производи

21. Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати

22. Производство на производи од гума и производи од пластични маси

23. Производство на други неметални минерални производи

24. Производство на метали

25. Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема

26. Производство на компјутерски, електронски и оптички производи

27. Производство на електрична опрема

28. Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место

29. Производство на моторни возила, приколки и полуприколки

